**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 мај 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 12,10 часот.

На седницата претседаваше г-динот Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници продолжуваме со работа по 20-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Борче Сибиновски, Васе Манчев, Илија Лазаров, Димитар Батковски, Кирил Андоновски, Љупче Ристески и Слободан Данески ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точка четири - предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со стоков кредит кај Владата на Италијанската република, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор, министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, денеска имаме едно прашање во врска со билатерална помош на Македонија за нејзиниот иден развој. Сигурно ќе се наметне прашањето дали тоа не е уште едно задолжување на земјата и дали е тоа добро за земјата да се задолжува со кредит.

Јас морам да кажам дека стопанството во Македонија е технолошки застарено. Најголем дел од капацитетите во Македонија не се конкурентни за квалитет и цена на производи кои ги бара светскиот пазар. Се бараат нови инвестиции во тие претпријатија или во нови претпријатија кои ќе произведуваат производи кои ќе бидат квалитетни и кои ќе бидат конкурентни на светскиот пазар. Се поставува прашање дали има средства за развој на нашето стопанство. Веднаш да кажам дека има дел домашни средства, има дел надворешни средства.

Домашни средства кои ги имаме, тоа се средства со високи камати. Нашите каматни стапки, а не само нашите каматни стапки» на сите земји кои се во транзиција, кои прават структурни реформи, кои имаат аранжмани со Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд,како резултат на тие реформи секогаш тие каматни стапки се повисоки од реалните каматни стапки. Вие знаете дека стално стопанствениците во Македонија се плачат дека треба да се намалат каматните стапки, меѓутоа тоа тешко иде се додека не се довршат структурните реформи во нашето стопанство.

Оттука се бара кој е тој друг извор на средства? Тој друг извор на средства се надворешните кредити или странски инвестиции. Најдобро е ако имаме директни странски инвестиции. Во тој случај тие средства се евтини, тие средства се најдобри. Тие носат и технолошка помош, носат и управување, носат и менаџмент, меѓутоа носат и развој. Меѓутоа добивање на такви средства во такви кава што е нашата, посебно после Косовската криза, ризикот на земјата е зголемен, така да не можеме да очекуваме многу директни странски инвестиции. Меѓутоа, странските кредитни линии се далеку поевтини. Сите кредитни линии кои ги добиваме од странство се со камати кои се далеку помали од домашните камати на кредитите кои ги даваат стопанските банки.

Исто така, странските кредити не само што се поевтини, тие не го ограничуваат обемот на пласманот на тие средства во странство, додека со домашните кредити се лимитирани. Дали тоа треба да го прави само Македонија. Тоа не го прави Македонија, тоа го прават сите земји во транзиција.

Претходната Влада веќе преговарала со Италијанската Влада за одобрување на еден таков кредит односно стоковен кредит за развој на мали и средни претпријатија, односно за развој, за зголемување на техничката опременост на трудот односно на стопанството во Македонија. Ние оценивме дека тој кредит е добар и еве тој кредит кој изнесува 15 милиони долари со каматна стапка од 1, 75%, со грејс период од 5,6 години, со отплата на 20 години. Мислиме дека тој е поволен кредит еве зошто.

Прво тој кредит ќе се намени и е наменет за развој на производство, за електрични машини и апарати.

- за производство на сообраќајни средства;
- за преработка на хемиски производи;
- за производство на прехранбени производи;
- за производство на техничка и кожарска индустрија;
- за преработка на неметали, односно за изработка на финални производи од дрво.

Тој кредит, исто така е строго наменски, заради тоа што треба да исполнува најмалку 5 од следните услови.

Прво да го зголеми девизниот нето ефект на претпријатијата кои би земале таков кредит.

Второ тој кредит да обезбедува повисока фаза на обработка на производите кај оние претпријатија кои би го примиле тој кредит.

Трето, претпријатијата кои би примиле таков кредит, односно таква инвестиција, да го зголемат бројот на вработените со ново вработени во тие претпријатија.

Четврто, тие претпријатија да вршат економија на енергијата, затоа што енергијата е се поскапа така да по единица на производ енергијата треба да се намали.

На крајот, тие претпријатија ќе мора да ја заштитат животната средина.

За да добие некое претпријатие кредит од оваа кредитна линија, мора да исполнува најмалку три од петте услови, а тоа значи или ќе има извоз, или ќе има вработување, еден од тие два темелни услови. Од тој аспект, со оглед што тој кредит може да обезбеди развој, а тој кредит е фактички и увоз на опрема, а бидејќи во структурата на увозот на опрема нема производи за широка потрошувачка, производи кои директно ќе се трошат, значи нема луксузни производи, нема производи од областа на текстил, прехранбена и друга индустрија за непосредна потрошувачка, но е само за инвестиции и мислам дека тој кредит е многу поволен за развој на македонското стопанство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер за настапот во врска со законот.

За дискусија се пријави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги.

Пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој закон, затоа што цениме дека со донесувањето на овој закон и со отварање на можност за користење на кредит во износ наведен во законот се овозможува на македонската економија дополнителен кредитен стимул, кој што ќе биде насочен во намените што ги спомена г-динот министер и кој што се добро дојдени за обновување на технологијата во македонското стопанство.

Ова е една активност која што датира од поодамна и која што се заврши некаде при крајот на 1998 година со тоа што претходно требаше да се расчистат некои не расчистени односи со Италијанската Влада, околу обврски на "Фринко" - Битола, кои што беа превземени од поодамна, но тие не беа за "Фринко", туку беа за "Раде Кончар" од Загреб, со оглед од тоа што "Фринко" претходно беше во составот на "Раде Кончар" од Хрватска.

Добро е што со донесување на овој закон се овозможува да се стави во корист оваа кредитна линија и заради тоа и заради целите кои што треба да се постигнат со носењето на овој закон, пратеничката група на СДСМ ќе го подржи законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Бузлевски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со стоков кредит кај Владата на Италијанската Република.

Ве молам, да гласаме.

Кој е за? (72 пратеника гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 3 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека за Предлогот на законот гласаа 80 пратеници.

Против нема, ни воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со стоков кредит кај Владата на Италијанската Република.

Минуваме на точката Пет - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривични предмети со додатен Протокол, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор побара пратеникот г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството и со конвенциите на Советот на Европа започна уште 1994 година со процесот на добивање на статус на Македонија во оваа организација, а со интензивирање од 1996 година со добивање на статусот на полноправен член. Македонија презема и обврски кои до денес добро ги исполнува, меѓутоа се разбира дека треба да ги извршиме докрај и во таа смисла пратеничката група на СДСМ ќе го подржи ратификувањето на Европската Конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети со цел да се доврши процесот на започнатиот процес на хармонизација на нашето законодавство со стандардите на Советот на Европа.

Едновремено Ве известуваме дека пратеничката група на СДСМ ќе ги подржи и останатите конвенции кои се во насока на усогласување на законодавството. Имено, конвенцијата за екстрадиција со додатен протокол, конвенцијата под број 7, конвенцијата за трансфер на осудени лица и конвенцијата за ратификација на казнената конвенција за корупција, како и точката 8, конвенцијата за укинување на сите форми за расна дискриминација, која исто така ќе ја подржиме и ќе гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Поповски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривични предмети со додатен протокол.

Ве молам, да гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Од вкупно 82 присутни пратеници, за усвојување на заклучокот гласале 79 пратеници, двајца се воздржани и 1 е против.

Според тоа, констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, "за" 77 пратеници, воздржани нема, "против" се двајца.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно – правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на членовите 1 и 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои "за" 72, воздржани нема и 3 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривична материја со додатен протокол.

Преминуваме на шестата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за екстрадиција, со додатен протокол и Втор додатен протокол, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот за законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за екстрадиција, со додатен протокол и втор додатен протокол.

Ве молам да гласаме.

76 пратеници гласале, од кои 72 "за", 4 се воздржани и против нема ниеден.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 82 пратеници, од кои 81 "за", 1 е воздржан и ниеден нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на членовите 1 и 2 и за додавање нов член по членот 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани за додавање нов член 3 по членот 2 и за пренумерација на членот 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 1 и 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 81 пратеник, за Предлогот гласал 81 пратеник, според тоа немаме ни против ни воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за екстрадиција, со Додатен протокол и Втор додатен протокол.

Преминуваме на седмата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за трансфер на осудени лица, со Дополнителен протокол, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за трансфер на осудени лица, со Дополнителен протокол.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 79 пратеници кои гласале, 79 пратеници гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, од кои 74 пратеници гласале за, 1 пратеник е воздржан и двајца пратеници се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 76 пратеници кои гласале, 76 пратеници гласале за, воздржани и против нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за трансфер на осудени лица, со Дополнителен протокол.

Преминуваме на осмата точка - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на разна дискриминација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници и сите гласале за, значи воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници и сите гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 и за бришење на член 3.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Владата се согласува со Предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во тој случај немаме потреба да гласаме, констатирам дека тоа е дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Се согласуваме со Предлогот на амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, од кои 76 за, еден е воздржан и ниту еден не е против.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација.

Преминуваме на деветтата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Казнената конвенција за корупција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Ратификација на Казнената конвекција за корупција.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници и сите гласале за, воздржани и против нема.

Според тоа, констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници и сите за, воздржан и против немаме.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Вкупно гласале 72 пратеника и сите за.

Воздржани и против немаме.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на казнената конвенција за корупција.

Минуваме на точката Десет - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за заштита на Африканско - Евроазиските миграторни видови водни птици, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за заштита на Африканско - Евроазиските миграторни видови водни птици.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници кои што гласале, 57 се за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од 71 пратеник вкупно што гласале 65 се за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за предлогот 60, воздржани 4 и 6 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за ратификација на Договорот за заштита на Африканско - Евроазиските миграторни видови водни птици.

Минуваме на точката Единаесет - Предлог за донесување на Закон за ратификација на конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот на донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Би сакала да Ве информирам дека Пратеничката група на СДСМ и покрај тоа што смета дека текстот на популарната конвенција, начелно е добар, нема да гласа за негово усвојување, од исти причини од кои што не гласавме поради некои порани спогодби со Република Македонија и Република Бугарија, кои што се однесуваа на применетата формула во поглед на јазикот за кои условот под кои тие беа потпишани, а кој што опфаќаше, воедно, и изјава на премиерот на Владата на Република Македонија, во кој што Република Македонија еднострано се откажува на грижата на своето малцинство. Значи од исти причини и овој текст, како и текстот следен за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за поврзување на железничките мрежи на двете држави, и покрај тоа што се согласуваме со другите делови од овие спогодби, нема да го гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓицата Шеќеринска.

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, секоја Пратеничка група има право да го изнесе своето мислење, меѓутоа сепак станува збор за една навика веќе да се толкуваат одредени работи и толкувајќи да се престорат во дефинитивен став, што во овој случај се засегнува едно од највисоките тела, политички на државата, а тоа е Владата. Премиерот на Република Македонија никогаш не соопштил таков став во име на Владата и во име на Партијата и би Ве замолил, барем кога ги пренесувате Вашите мислења и ставови, при гласањето како ќе пристапите за некој закон, да не ги оправдувате со една, би рекол, траума, дали политичка да ја наречам или не знам каква, односно ќе треба секој сам да ја процени од каков карактер е.

Значи не е спорно однесувањето и гласањето и својот став, меѓутоа пред јавноста мислам дека треба да имаме малку повеќе принципиелен однос и да не ги толкуваме нештата, кои потоа ги изнесуваме како категоричен став, ставајќи ги во мислите на одреден човек, во овој случај на премиерот на Република Македонија. Значи, не станува збор за такво размислување во овој случај, станува збор за Ваш став и Ваш однос кон едно воспоставување на добрососедска соработка, во овој случај со Република Бугарија, Вие се изјаснивте кои се Вашите причини, се работи за еден долг период, за една желба да се воспостави, односно да трае една железна блокада во однос на источниот сосед, ние мислиме поинаку, меѓутоа

разликите на мислењата не значат таков вид на тврдења, кои значат многу сериозни обвинувања.

Се надевам дека сте сериозна партија, осум години сте во овој Парламент, мислам дека тој вид на размислувања треба да престане.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Пауновски.

Има збор господинот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ги разбирам членовите на опозицијата, тие шест - седум години живееја на крилата анти бугарштина и анти македонско расположение. Сметам дека не би било чесно една таква работа да продолжи и сега, кога веќе се изрелаксирани односите.

Нека гласаат како сакаат, нека чинат што сакаат, меѓутоа принципот на почитување на меѓу државничките односи, нека остане на висина.

Вториот дел, на кој се повикуваат, за продажба на достоинство преку службениот јазик. Не сакам повеќе да говорам, член 7 од Уставот на Република Македонија е јасен. Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Ако некаде во тие договори ова е како службен јазик истиснато, јас ќе застанам на нивна страна и ќе барам поништување на такви договори.

Меѓутоа, манипулацијата со значење на овие изрази јас ја допуштам, ама не како правило, нека размислат малку по длабоко. Шеќеринска можеби има некоја историска обврска, со напредување во нејзиниот политички живот, таа ја гради кариерата токму на овој однос помеѓу Бугарија и Македонија.

Достоинството нека остане, а политиката нека се води.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски.

За дискусија се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада и колеги пратеници.

Најпрво би сакал да упатам едно длабоко несогласување на мене како координатор на Пратеничката група, на начинот на кој се толкуваат дискусиите на нашата колешка Радмила Шеќеринска и на навредите кој очигледно се упатуваат, само заради искажано поинакво мислење. Во таа насока би сакал да Ве замолам господине претседателе, во иднина да не дозволувате изрекувањето на поинаков политички став, да се служи за како основа за лични напади, врз оној кој тоа го изрекол.

Второ, она за што се јавувам, сакам да кажам дека Пратеничката група на СДСМ, апсолутно нема никакви политички трауми, во врска со односите со соседната држава и можеби можеме истото тоа да го упатиме, на оние кои тоа нам ни го упатуваат. Како што господинот Пауновски се обрати до госпоѓицата Шеќеринска, да не си дозволува да ги толкува изјавите на господинот премиер, сакам да кажам дека и ние сме по уставот надлежни да толкуваме изјави на господинот премиер со своите политички ставови. За нас останува политичкото толкување на Декларацијата кој тој ја потпиша, онака како кажа нашата колешка госпоѓицата Шеќеринска и Ве молам да не ги коментирате на ваков начин ставовите на Пратеничка група.

Нашата Пратеничка група останува на она што го изрече од името на групата госпоѓицата Шеќеринска и Ве молам да не го земате правото на нашето гледање на работите на Владата, која по Уставот сме должни да ја коментираме, како основ за Ваши коментари на увредлив начин кон нашите ставови. Тие наши ставови имаат свој легитимитет. Стекнати во овој Парламент и стекнати со работа во изминатите осум години од овој Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Одземањето на размислување, околу било кое прашање, воопшто не е проблем, ниту има право на тоа. Меѓутоа, за она што Вие говоревте навредлив однос, во овој случај, конкретно ја лоциравте личноста, јас не ја именував личноста, ниту пак упатив навредлив збор. Добро, тоа требаше да го лоцирате конкретно доколку тоа се случува. Од тие причини јас зедов збор, бидејќи со начинот на кој се тврди категорично, дека станува збор за дефинитивно откажување од малцинството, токму е тоа што Вие го зборувате. Тоа категорично тврдење во име на друг човек, во случајот на премиерот, може да значи исто така помала, или во некои случаи посериозна навреда, бидејќи Вие тврдите и ставате мисли кои ги препишувате на некој друг. Токму тоа и јас сакав да го говорам, затоа што мислам дека упатувањето од Ваша страна на моја адреса, на она што го изнесов, воопшто не држи, ако сте имале намера да упатите на некои други поединечни излети, јас станувам во име на Пратеничката група и бев јасен и како што гледам се согласувате со мене.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Никола Поповски повторно се јавува за реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сакам да направам јасна дистинкција, прво, госпоѓата Шеќеринска го изрази ставот на Пратеничката група на СДСМ, во врска со Декларацијата кога господинот премиер ја потпиша во Софија и тој наш став останува. Се допаѓал или не на некому, толкуван е од страна на нашата Пратеничка група, како политички потег во насока на откажување од правата на Македонското малцинство во Бугарија.

Второ, онака како што, како координатор нема да го дозволам во овој Парламент и секогаш ќе реплицирам, кога соодветен политички став на наш пратеник, служи за личен напад врз пратеникот.

На тоа господине претседателе ќе ми дозволите секогаш, како координатор на нашата Пратеничка група да реагирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски.

За реплика се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, јас го разбирам и ставот на господинот Поповски и на госпоѓицата Шеќеринска, меѓутоа овдека зборуваме, ако некој има погрешно уверување, или е во заблуда за некоја работа, да ги увериме дека тоа им е грешно и понатаму таа грешка да не ја повторуваат.

Ставот на Политичката партија нека Ви остане, ова е грешно мислење, грешно уверување, а став може од интерес да биде за нив како политички, меѓутоа интересот на државата секогаш треба да биде пред политичкиот став на партијата.

Затоа велам, имаат грешен став, нека го исправат.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Јас уште еднаш ќе предочам дека пренесувањето во овој случај на ставот на Пратеничката група го пренесува пратеникот Љубен Пауновски. Другото во извесна смисла може да се толкува малку поинаку.

Сега, после Вашава реплика некои работи се многу појасни. Тоа не е ништо друго, туку она што го говорев јас. Вие посочивте, Вие имавте политички став кој го толкува тој политички потез, кој според Вас би можел да донесе и до таква насока. Госпоѓицата Шеќеринска сепак посочи многу убаво, категорично, дека тоа е став и изјава на премиерот на Владата на Република Македонија. Ова што јас го зборувам Вие само треба да го потврдите. Вие како партија сега бевте многу јасен. Дека тој политички потез според Вашето толкување и можел до тоа да доведе. Тогаш тој вид на размислување воопшто не е спорен. Така треба да постапуваме сите во овој Парламент. На тоа имаме право, никој не смее да ни го одземе. Меѓутоа, категоричното тврдење, тоа е нешто друго. А по наше мислење тоа е нешто далеку од вистината, туку воопшто и не е споиво со било кој аспект на погледнување на вистината, но имате право да мислите така како пратеничка група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се јави за уште една реплика господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ова е посебна реплика и немам намера да земам повторно збор во вид на реплика. Јас сум свесен зошто Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има исто, како што можевме да видиме многу различни ставови изградени од координаторот и потпретседателот на Собранието, во насока што вториот мораше да се изјасни дека само тој ги застапува пратеничките интереси на ВМРО-ДПМНЕ, за да не се сфати поинаку.

Јас сум сосема свесен зошто пратеничката група на ВМРО-ДМПНЕ е многу возбудена од нашиот став во врска со Декларацијата и формулата во која што се потпишуваат договорите со Република Бугарија, меѓутоа со оглед дека повторно се сака на наша сметка да се каже како ние толкуваме нешто, јас Ве молам и јавноста ја молам да го сфати мислењето на Пратеничката група, така како што го кажуваме ние, а не како што се обидува да го толкува некој од другите пратенички групи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара министерот за надворешни работи господинот Александар Димитров.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Господине претседателе дали имам право да дискутирам?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед дека ова е Ваш предлог имате право.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Денеска е точка на дневниот Ратификација на конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија. Го имаме мислењето на надлежната Комисија и право да Ви кажам не очекуваме дискусија која ќе биде во духот на нешто што би требало да се надмине во Парламентот, односно повторување на некакви маркетиншки потези.

Доколку Владата сакаше да го истакне значењето на надминување на јазичниот спор и на разрешувањето на подобрувањето на односите меѓу Република Македонија и Република Бугарија, во духот на она што до сега го слушавме, ќе мораше да каже дека таквиот потег беше поздравен од домашната јавност, таквиот потег на нормализирањето, а со тоа и унапредувањето

на односите меѓу Република Македонија и Република Бугарија беше поздравен и во Парламентот и ако веќе сакавме да бидеме, маркетиншки расположени како некои пратеници, ќе моравме да ги потсетиме сите овде. А очигледно се работи за јавноста, која се надевам ова го гледа на сите позитивни оценки, од страна на Европската Унија, од страна на највлијателните земји во Европа, од страна на САД, што конечно еден ирационален спор беше за кратко време разрешен и се отворија перспективи за не развој само на билатералните односи, туку и за стабилизирање на целиот регион, кој и онака во моментот е изразен на силни удари за дестабилизација.

Според тоа, не очекував ваква расправа, меѓутоа сето тоа покажува дека тој што е опозиција, не е опозиција само во земјава, опозиција е и на она што денеска е тренд, или став или мислење во Европа и на широката меѓународна јавност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас мислам дека во најголем дел на СДСМ во врска со потпишувањето на спогодбите помеѓу РМ и Република Бугарија по различни сфери беа искажани уште на една од претходните седници, кога првите спогодби од тој тип се најдоа на дневен ред. И овој пат ние само сакавме уште еднаш да ги потенцираме тие аргументи, што е вообичаено и нормално. Меѓутоа, со оглед на фактот дека се отвори расправа, би сакал да земам збор и да дадам можеби некои дополнителни објаснуван и некои дополнителни аргументи.

Ќе почнам од самиот крај, од таму што даде свое искажување министерот за надворешни работи. Имено, не само тој во денешното искажување, туку често пати во изминатиов период и во македонската јавност можевме да слушнеме дека една од најаќите поткрепи дека е тоа добар договор или добра спогодба помеѓу Македонија и Бугарија говори меѓународната поддршка од страна на ЕУ и други меѓународни асоцијации на начинот на кој што сме го надминале проблемот. И, по тоа прашаше, веднаш би сакал да ја расчистиме работата. Интерес на меѓународната заедница и ЕУ е секогаш да се најде решение, да се надминат проблемите помеѓу две соседни држави, без разлика од кој тип се тие проблеми.

Меѓутоа, никогаш не е задача на меѓународната заедница и ЕУ или некои други асоцијации во склопот на тоа да водат грижа за заштита на националните и државни интереси на една од тие држави. Тоа е препуштено на самите тие два партнери или два соседи на кои начин тоа ќе го решат.

Фактот дека ЕУ подржала надминување на спорот помеѓу РМ и Р. Бугарија не говори сам за себе ништо и не говори дека е тоа добар договор за РМ. Имено, јас ќе ве потсетам дека истата таа ЕУ имаше донесено декларација, овде во нашата јавност позната под Лисабонска декларација, во која што се велеше дека Меѓународниот субјективитет на РМ нема да биде признаен се додека во името ан таа држава стои зборот Македонија. Тоа се случи од поодамна во еден претходен состав на Парламентот.

И, сакам да ви кажам дека ако тогашниот состав на Парламентот, тоа не е вториот состав, туку првиот, во кој што учествуваа и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, ако тогаш тој Парламент ја прифатеше Лисабонската декларација, немојте да имате сомневање дека ЕУ тоа ќе го поздравеше и ќе речеше дека Македонија направила еден голем чекор напред во надминувањето на меѓу соседските проблеми, во тој случај помеѓу РМ и Република Грција. Веројатно, сите меѓународни фактори ќе речеа, добро е, еден проблем нас Балканот помеѓу две соседни држави помалку. Ние тоа не го направивме. Се поставува прашањето дали тоа беше грешка што не го направивме и што ја отфрливме во тој состав Лисабонската декларација и рековме дека таа Декларација за РМ е не прифатлива. И, дали мерилото што, штитејќи ги сопствените, национални интереси сме застанале наспроти ставот на ЕУ е доказ дека тогаш сме воделе лоша политика, а денес, бидејќи не поздравуваат од ЕУ за начинот на кој што сме го решиле со Бугарија е доказ дека сме направиле добар потег или добар договор во решавањето на проблемите помеѓу РМ и Република Бугарија. Секоја држава која води политика мора да води сметка и за меѓународните односи и за ставот на меѓународните фактори, меѓутоа пред се и над се мора да води сметка за сопствените национални и државни интереси. Ако вие добивте пофалба од меѓународната заедница, а при тоа сте направиле потег со кој што сте нанеле штета на сопствените национални интереси, салдото е минус, не е плус. Од тука, аргументот кој што се користи за да се докаже дека е направена добра спогодба или добра солуција во односите помеѓу РМ и Република Бугарија во начинот на  кој што е прифатен да се потпишуваат спогодбите, едноставно не држи. И, тој аргумент, едноставно, не функционира. Ние овде не говориме дали некои од запад или од меѓународната заедница подржал нешто, туку говориме дали е оваа Влада, пред се водела сметка, за интересите на оние што ја избрале. Таа не е избрана ни во Брисел, не е избрана ниту во една друга европска престолнина, туку овде во Македонија, од Македонскиот народ и од македонските граѓани.

Втората работа е, често пати се спомнува аргументот дека слична работа, или во некој идентична е направена со времената спогодба помеѓу Македонија и Грција, која што беше потпишана и каде што, на пример се толкуваа

некои членови од Уставот на РМ на еден или на друг начин.

Прво, спогодбата е многу слична, меѓутоа не е идентична. Меѓутоа, да прифатиме дека е идентична. Сакам да го поставам следното прашање. Дали моментот во кои РМ ги регулираше односите со соседна Грција е ист по својата политичка тежина, значење и важност и на крајот на краиштата и по својот субјективитет како држава на меѓународната сцена со оној момент кога тоа го направи со соседна Бугарија. Тогаш беше период во кој ние се боревме за стекнување на своето место под сонце на меѓународната сцена. Република Грција како членка на ЕУ и НАТО едноставно не ветираше или политички не изолираше како држава од сите тие меѓународни релации. Тоа беше период во кој што ние се боревме за извојување на независноста и самостојноста на РМ. Тоа е сосема различен момент од оној кога решивме да го решаваме спорот со соседна Бугарија. Денес Македонија не се бори за свое место во ООН, за свое место во партнерството за мир, за свое место во Советот ка Европа, бидејќи го има добиено. Ниту пак, што исто така не е за потценување, позицијата на Бугарија и позицијата на Грција се исти. Ако е Грција членка на ЕУ и НАТО, Бугарија е држава која што се наоѓа во многу слична, а по многу параметри во полоша ситуација од РМ. И таа е на патот на своето интегрирање во Евроатлантските структури, во ЕУ и НАТО Алијансата, не е ништо појак или посилен фактот и верувам дека и актуелната власт денеска сака така да се гледа себе си и сопствената држава од тоа што е РМ, за да се испостави дека треба да се примени истиот аршин во решавање на проблемите во Грција и со Бугарија. Или со други зборови да дадеме илустрација не може некој да толкува дека ако ние примениме еден пристап во регулирање на односите, на пример, со САД во име на некаква принципиелност или во име на некаква еднаквост во односите, треба тоа истото да го направиме со некоја држава, да речеме, од азискиот или од Афричкиот континент. Не е точно. Државата води прагматична политика и утврдува, наспроти партнерот што го има кои пристап ќе го одбере. Во тој случај мораме да констатираме дека позицијата на Грција и Бугарија се сосема различни. И, не моравме, заради моментот кога тоа го направивме со Грција и заради силата и позицијата што Грција ја има на меѓународната сцена да примениме ист пристап со Р. Бугарија, која што е во сосема поинаква ситуација од Република, Грција, а и моментот кога тоа го правиме е веќе сосема поинаков, бидејќи ние сме релевантен, меѓународен Фактор, или како што актуелната Влада често пати вели ние сме фактор на стабилност, многу значаен фактор, не посетуваат многу релевантни меѓународни личности, државници и т.н. токму овде во Македонија, а не одат во Бугарија. Се разбира, тоа е од сосема други причини, а не затоа што ние сме нешто многу позначајни, бидејќи таму немаат каде да се сликаат и со кого да се сликаат, па овде имаат бегалски кампови каде што можат да ја направат и да ја потполнат својата медиумска презентација.

Што се однесува околу делот на решавање на јазичниот спор не е точно дека претходната власт не сакала да ги регулира односите со Р. Бугарија, заради некаков анимузитет. Тоа го тврдам и повторно денеска го повторувам. Напротив, ние искрено и до крај сакавме тие проблеми да се надминат што е можно побрзо. Меѓутоа, ако некој во Македонија е наивен или сака да се прикаже како наивен и да каже дека околу негирањето на македонскиот јазик или избегнувањето на негово споменување во пишани спогодби билатерални се работи само за формален проблем, а не за нешто друго, тогаш мислам дека имаме сериозни проблем. Сосема е јасно што стои зад ставот дека терминот македонски јазик не може да се примени или да се стави на лист хартија во спогодбите помеѓу РМ и Република Бугарија. Се работи за тоа што во Бугарија постои една силна атмосфера, не можам да разграничам дали е тоа став на позиција или опозиција, постои една интелектуална елита, постои еден политички правец кои што сака да тврди дека се работи за народ или за население кое што нема засебност на својот сопствен јазик. Со тоа не се работи ни за засебен народ и дека е прашање на време кога ќе се констатира ослободени од комунистичките, коминтерновските, белградските пропагандни машинерии, дека се работи за ист народ во две држави. Ако некои се обидува тоа да го негира дека е тоа ставот на Бугарија или доминантното расположение во Бугарија, тогаш го повикувам да ги погледне сите оние званични документи на бугарската академија на науките и уметностите, на изјавите на званични државници, политичари во Бугарија, на она што го пишуваат медиумите и ве молам да не бидеме околу тоа прашање наивни. Се разбира дека во меѓународната политика има ниво на прагма и може да се каже дека во одреден период нема да одиме амбициозно да го постигнеме исцело она што го сакаме, но ќе се обидеме да направиме чекор понатаму.

Се поставува прашањето дали со прифаќањето на формулата за потпишување на спогодбата околу јазичниот спор направивме чекор понатаму. Ние тргнавме со една амбициозна цел, а тоа е да обезбедиме или да постигнеме дека од бугарска страна во оваа ситуација ќе се признае засебноста на македонскиот јазик. Некој ќе рече, па добро, можеби тоа во овој момент не беше до крај можно или не беше созреана ситуација во Бугарија и дајте да направиме чекор понатаму. Се поставува прашањето дали оваа формула што се примени е чекор понатаму. Која е формулата? Оваа спогодба се потпишува на официјалните јазици согласно уставите во едниот случај Уставот на РМ, во другиот случај Уставот на Република Бугарија. Во што е проблемот? Проблемот е што на овој начин македонскиот јазик се третира како

официјален или службен јазик, а не како природен јазик.

И, втора работа, неговото постоење се врзува за Уставот кој е донесен во 1991 година. Значи, тоа не е јазик што има своја традиција, туку датира од тогаш кога тој Устав е донесен, а тоа е направено во 1991 година. И посебна работа, Уставот на една држава не е библија. Тоа значи дека тој устав во некоја ситуација може и да се промени. Од тука, од бугарска страна ако погледате како ја толкуваат формулата за сопствената јавност. Тие ја толкуваат дека на овој начин не се затвора прашањето околу јазичниот спор, туку се држи истата теза дека врз основа на тие принципи ние признавме (од бугарска страна), ние признавме дека тоа е службен јазик, согласно Уставот од 1991 година, меѓутоа, ние признавме дека е тоа засебен, природен јазик во некои други политички околности, Уставот може и да се промени. Можеби тоа не чекор назад во однос на претходните ставови на Софија, меѓутоа дефинитивно не е никаков чекор напред во однос на претходните ставови на Софија. Разликата е во тоа што овој пат со наша согласност е постигната таа позиција.

Следната работа е околу дополнителната изјава на нашиот премиер, која што вие можете да ја толкувате на еден или на друг начин. Фактички, значи дека РМ си го одзема самата на себе правото да покрене прашање за правата на граѓани на Република Бугарија, а не државјани на РМ. Што тоа значи? Тоа значи дека секој оној што нема државјанство значи е државјанин на Р. Бугарија, е надвор од можноста оваа држава да го постави прашањето пред меѓународни фактори или на билатерален план околу неговите права и статус што го има во Бугарија. Претпоставувам дека тешко може да се очекува ситуација во која што Македонија ќе си создаде атмосфера ние да си го поставиме прашањето на инородните Бугари и нивните човекови права. Ако постои интерес од наша страна да го поставиме тоа прашање, тоа ќе биде за македонскиот национално малцинство кое што живее во Бугарија, кои луѓе се државјани на Бугарија и се Македонци по род. Со таа изјава ние си го одземаме правото тоа прашање било кога и на било кој начин да го поставиме.

Следна работа, ако е толкувањето на таа изјава толку не штетно, па дури од аспект на европските норми и стандарди корисно, како што се обидувате да го протолкувате, се поставува прашањето многу битно и многу значајно зошто тоа не е реципрочно уредено зошто е еднострано уредено. Ако е во правецот на задоволување на европски норми и стандарди, зошто во таа изјава не добивме став и од премиерот Костов од бугарска страна дека и тие преземаат на себе обврска да не го покренуваат прашањето на граѓани на РМ, не државјани на Бугарија, околу нивните права и слободи и нивниот статус. Во тој случај можеби би постигнале некаква фер ситуација. Зошто нашата страна, нашата Влада, нашето министерство за надворешни работи ако е тоа навистина не штетна про европска ориентација, не го постави прашањето на реципрочен пристап. Зошто само ние да преземаме таква обврска, а не и бугарската страна. Дали тогаш ЕУ во тој случај ќе имаше нешто против. Не. Исто така, ќе дадеше целосна поддршка и ќеречеше одлично се надмина еден проблем помеѓу две соседни држави.

Се поставува прашањето дали ние го поставивме прашањето за реципрочен пристап. Ако не го поставивме, зошто не го поставивме. А, ако го поставивме, зошто од бугарска страна е одбиено и зошто ние сме се сложиле со еднонасочно преземање на обврски. Мислам дека е тоа клучното прашање. Или со други зборови ние на тој начин на кои што тоа прашање го регулиравме, имаме ситуација во која што бугарската влада, бугарското МНР го има правото да покренува прашање за статус човекови права и слободи, малцински права за државјани на РМ, кои што, на пример, се чувствуваат Бугари, меѓутоа ние тоа право го немаме во случајот на државјанин на Република Бугарија, кои што се чувствуваат како Македонци. Тоа се клучните работи и тоа се причините зошто СДСМ и како партија и како пратеничка група не се согласува со начинот на кој што се надминал така наречениот јазичен спор, уште повеќе зошто на тоа му се надодаде уште една дополнителна обврска преземена со изјавата на претседателот на Владата на РМ, од која што произлегуваат долгорочни последици по националните интереси на РМ и Македонскиот народ.

Со тоа би завршил. Спогодбите веќе минатиот пат беа ратифицирани, заради парламентарното мнозинство. Тоа ќе биде направено и денес. Ние ова не го говориме за да ве пресвртиме или да се промени бројот или односот на силите во Собранието на РМ. Вие тргнете од своето чувство за национални интереси и гласајте така како што ќе гласате. Ние тргаме од тоа што ние мислиме дека е национален интерес на РМ, Македонскиот народ и така ќе се изјасниме. И, секој со својата одговорност и со својот крст на чело ќе одиме понатаму. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Бранко Црвенковски.

На мојот монитор има повеќе пратеници меѓу кои министерот за надворешни работи.

Јас го молам министерот за надворешни работи да ги сослушаме најпрвин пратениците, а после тоа ќе ви дадам збор, можеби и други ќе ве спомнат, па да не се спомнуваме повеќе.

Јас 6и одел со листата на пратеници кои се пријавија, а се пријави потпретседателот на Собранието г. Томислав Стојановски. Повелете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не ја искористив можноста да зборувам од место од проста причина што чувствувам должност еднаш во одговорот дадено да имам намера лошото уверување и мислење на СДСМ да го преточам во една практична работа и да се заштитат националните интереси за кои и двете партии го имаат.

Погрешното уверување е дека не треба вака да се постапува околу односите со соседите. Уверен сум дека кај СДСМ не можам да го постигнам, меѓутоа, жалам за таа работа, а ќе сакам како некој што се повика овде на вистини и аргументи.

СДСМ кога имаше друго име и се прекрсти на првите избори 1990 година имаше подлога во расфрлање на летоци за некоја пробугарштина. Значи, си постави мотив, ние ќе опстанеме само ако го имаме дежурниот момент -односите со соседот. Помина 1990 година, дојдоа избори во 1994 година и тогаш мотивот беше дека еве ВМРО-ДПМНЕ е пробугарска партија. Во кој момент каде да се јавеа тоа им беше мотив да опстанат. Да не ги повторувам другите. Денеска се јавува претседателот на Партијата и говори други беа условите кога ние ја потпишавме Спогодбата со Грците во 1995 година, а сега оваа спогодба е под други околности. Една од околностите кажа дека сега сме членки на ОН. Само да му ја вратам мислата назад, кога ја потпиша Спогодбата, тоа беше 1995 година мислам дека во ОН влеговме под името БЈРМ многу порано, истиот човек со своја рака го потпиша, по разговорот во Парламентот, дека пристанува и моли да бидеме примени под такво име.

Значи, аргументот не бил некој да имал друга околност од сегашната. И тогаш сме биле членки на ОН, само под друго име.

Понатаму, некоја форма на негова вистина дека во Бугарија имало одредени групации кои поинаку толкуваат. Тоа е нивно право. Го стави во нерамноправност македонскиот јазик во однос на бугарскиот, затоа што биле употребени формите - службените јазици. Ако е такво размислувањето јас ќе го молам да ни даде негово мислење што ќе кажат бугарските научници кога тие говорат за уставно име на јазикот, дали и Бугарите немаат свој службен јазик. Сега со употреба на терминот "службен јазик", ние Македонците немаме свој јазик, немаме свој извор.

Ќе го потсетам на 2 август 1944 година таму беа усвоени документи, каде се говореше истата формулација што е сега во Уставот. Јас го сфаќам г. Црвенковски веројатно поради својата структура на знаење не ги поврзува овие две исти работи и тогаш имаме извор дека македонскиот јазик ќе биде службен јазик на Македонија. И сега викаме македонскиот јазик е службен јазик, не викаме дека некој јазик описно е друг службен јазик. Веројатно понесен по овие свои сознанија пак се враќа на претходната седница кога вика тоа е наш став. Јас сум радосен што говори за став, а не за вистина. Јас ќе бидам среќен ако и понатаму остане да говори за свој став, а не за вистина. Ќе бидам среќен ако пак се јави после мене и да говори мојот став е таков и таков, а не ставот на другиот. Значи, кога бил и ја водел државата имал свои ставови, ги оправдувал и сметал дека навистина работи исправно.

Сега нека допушти дека има некој друг свои ставови и мислења и нека тој ги оправдува. Господинот Бранко Црвенковски веројатно сакаше да не потсети на минатата седница каде во ист стил, со исти зборови го повтори својот став. Меѓутоа не даде решение како требало да се разреши дали и Бугарите и Македонците да се уверат и да го избришат името македонски јазик, односно бугарски јазик. Ако имал такво уверување и таква намера да ме убеди сега и мене и другите, тогаш јас не се согласувам со неговиот став, затоа што дали ќе стои бугарскиот јазик не сум многу засегнат, меѓутоа ако имал намера да го нема во договорот македонскиот јазик, тогаш навистина би ме нарушил во основниот свој став и разбирање, нацијата би ми ја погодил, а не политиката. Овде станува збор за неговото мислење за политиката и му благодарам што остана на таа основа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Стојановски.

Реплика од место ќе ве молам, ако може, но ако сакате од овде добро.

Господинот Црвенковски - реплика.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас во целост и во полн капацитет ќе го користам Деловникот на Собранието на Република Македонија и тогаш кога ќе одлучам да говорам од место, ќе говорам од место.

Прво, околу тезата на г. Стојановски дека ме сфатил познавајќи ја мојата структура, следејќи го што говореше, мислам дека ништо не ме сфатил, а познавајќи ја неговата структура, мислам дека е сосема разбирливо што ништо не ме сфатил. Тоа е првата работа. Тоа не е за потценување.

Втората работа околу тезата дека е внесена реципрочна формула околу јазичниот спор и дали со прифаќањето од бугарска страна, таквата формула всушност ја негира и бугарскиот јазик, сакам јавно да го поставам прашањето кој на оваа земјина топка, вклучително кој во РМ го негира постоењето на бугарскиот јазик?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас го негирам постоењето на бугарскиот јазик?

Видете, не би сакал сега да реплицирам на начин кој би го оправдал надимакот што го носите, меѓутоа апсолутно е неспорно прашањето на постоење на бугарски јазик. Никој не го негира.

Спрема тоа, Бугарија не губи ништо со тоа што ќе прифати ваква или онаква формула, бидејќи никој не само Македонија, туку и пошироко не негира дека постои засебност на бугарскиот јазик. Спрема тоа, таа го има луксузот, го има комфорот околу тоа да прави формулации во зависност од дадената ситуација. Ние имаме проблем се негира нашиот јазик. Ние имаме генерален проблем, да се разбереме, се работи за историска константа, не се работи за нешто што е резултат на последните 5, 10, 15 години. Овој народ ја има таа судбина да егзистира на простори и со соседи кои перманентно го негираат неговиот национален идентитет. Сите спорови што ги имаме со нашите соседи се спорови за нешто наше, а не за нешто нивно.

Со Грција се спориме околу нашето име, не името на Република Грција.

Со Бугарија се спориме околу нашиот јазик, не околу бугарскиот јазик.

Со СРЈ се спориме околу границата каде што од нивна страна се бараат отстапки за одземање на наша територија, ние не испоставуваме барања од наша страна да сеземе дел од нивната територија. Тоа е една историска константа.

Ако се вратиме наназад во историјата и зошто се создала ситуација да овој народ биде последниот на Балканот што ќе направи своја држава и последниот ќе се избори за постоење или признавање на неговата засебност и национален и културен идентитет. Меѓу другото се работи за еден ист пристап токму од страна на нашите соседи со децении и векови наназад. Факт е.

Оттука, тоа што ние во оваа ситуација сега имаме капацитет како држава и како нација да ги издржиме споровите, говори дека е направен еден голем чекор напред за разлика од пред не знам колку време, кога други одлучувале што ќе биде со оваа држава и со овој народ на конференции на кои ние не сме биле присутни, без разлика дали биде после балкански или светски војни, овој пат ние сме субјект и го имаме капацитетот да ги издржиме споровите и на подолг временски период, а притоа да не направиме отстапка која ќе го загрози сопствениот национален и државен интерес. Тоа е квалитативна разлика напред.

Што се однесува околу дефинициите што значи службен и официјален јазик или официјален јазик од една страна, а што значи природен јазик на еден народ или на една нација од друга страна, мислам дека ќе ни одземе многу време ако околу тоа дебатираме, а се сомневам дали имаме доволно капацитет да разбереме.

Меѓутоа, на крајот би го кажал г. Стојановски до вас директно се обраќам, можеби ќе реплицирате, јас веднаш ви ветувам дека веднаш по дискусијата ќе излезам, не затоа што не сакам да ве слушам, туку заради тоа што едноставно претпоставувам дека повторно ќе извитоперите аргументи и факти.

Сакам да ве потсетам на една работа. 1993 година се потпиша Спогодба помеѓу претседателот на Владата на РМ во тој период, тоа бев јас и претседателот на Владата на Р. Бугарија, тоа беше г. Беров овде во Скопје во истата оваа зграда. Тоа беше Спогодба за економско - трговска соработка помеѓу Р. Македонија и Р. Бугарија. Таа Спогодба беше потпишана на тој начин што последниот член од таа Спогодба гласеше: "Оваа Спогодба се потпишува на македонски и бугарски јазик". Тоа го потпиша премиерот на Република Бугарија, избран од Парламентот на Република Бугарија, кој Парламент беше избран од народот и граѓаните на Република Бугарија. Што се случи? Се случи тоа по враќањето од Софија, таа Спогодба требаше да се стави на ратификација пред Народното Собрание на Република Бугарија. Собранието ја одби ратификацијата, не ја ратификуваше таа Спогодба за разлика од Македонското Собрание и тоа од една единствена причина, заради тоа што се споменува постоење на македонски јазик. Не беше проблемот направен од наша страна, дури не беше ни еднострано направен, се случи Законодавниот дом на Бугарија го одбија потписот на Спогодбата од страна на својот премиер, бугарскиот премиер.

Се поставува прашањето кои беа мотивите на Собранието на Република Бугарија да го негира потписот на сопствениот премиер. Дали тоа беа некои формалистички причини или се работи токму за тоа што пред малку го говорев, а тоа е дека се работи за еден политички став кој, за жал, јас се надевам со тек на време дека полека ќе исчезне, ќе изумре, ќе се намали, ќе изгуби на својата моќ и т.н., меѓутоа факт е дека во тој момент се уште се експлоатираше, а тоа е дека Бугарија и тоа официјалните органи на Република Бугарија не се подготвени и не сакаат да го прифатат фактот на постоење на засебност на македонскиот јазик. Ништо друго во Спогодбата не беше спорно.

Сега се поставува прашањето ако ние како држава дојдовме во ситуација да имаме Спогодба каде постои потписот на бугарскиот премиер под терминот македонски јазик, дали треба да се враќаме чекор назад или треба да се обидеме тоа да го задржиме ако евентуално во овој момент не можеме да

одиме чекор напред. Тоа не е став од наша страна, тоа беше верифицирано од страна на претседателот на Владата на Република Бугарија. Зошто тоа што го имаме како историско – политички капитал во свои раце, зошто сега од еднаш да го испуштиме и да се враќаме чекор назад. Зошто тоа да не биде проблем на Бугарија, а стана проблем на Македонија и се реши со отстапки од македонска, а не од бугарска страна. Со што Бугарија не држи нас во некаква уценета позиција на пример политички, економско, безбедносно, со што е таа толку силен меѓународен фактор, што тоа што го стекнавме во меѓународните релации, односно во билатералните релации сега треба да го ризикуваме или да се откажеме и да се вратиме назад кога веќе го добивме потписот од страна на бугарскиот премиер под терминот македонски јазик.

Сега што ние направивме? Еден политички поен кој го имавме во свои раце го испуштивме и направивме чекор назад. Тој чекор назад беше можен со отстапки од македонска, а не од бугарска страна со дополнителна изјава на нашиот премиер која не е реципрочно проследена од страна на бугарскиот премиер. Тоа е факт.

Втората работа е, бидејќи новата власт ги доби изборите на тезата за позитивна енергија со соседите и тој термин се до скоро пречесто се споменуваше во јавноста, во последно време гледам нешто намалено, не знам од кои причини претпоставувам дека има причини за тоа, сакам да го поставам прашањето ако веќе државата со која ги решивме проблемите со потпишувањето на овие спогодби го надминавме јазичниот спор и ја прогласивме за најголем спонзор на Македонија после доделувањето на воената помош, зошто во духот на позитивната енергија токму таа држава нам соседна, меѓутоа соседна и на СР Југославија која исто така има желба еден ден да стане членка на Европската Унија или НАТО-алијансата, до овој момент не прими ниту еден бегалец од Косово, ниту искажа спремност тоа да го направи.

Ние велиме дека имаме меѓународни обврски. Се поставува прашањето дали Република Бугарија исто така нема меѓународни обврски? Ние велиме дека тоа мораме да го направиме во име на стекнување на подобра позиција при нашето интегрирање во Евроатланските структури. Дали на Бугарија тоа не и е потребно и неопходно?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика е или држиш говор?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Видете, нема шанси да ме збуните.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам немојте од место, но ве молам репликите да не бидат нови дискусии.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Втора работа е зошто немаме официјален став, протест или демарш било од страна на извршната власт на Македонија, било од страна на парламентарното мнозинство, околу изјавата на бугарскиот премиер Костов дека не можат да примат бегалци од Косово на своја територија, бидејќи своите капацитети ги чуваат за бугарите од западните краишта. Ние тоа го споменавме на една од претходните седници, меѓутоа, тоа си помина како да ништо не се случило. Не слушнавме околу тоа дека има било протест од страна на нашето Министерство за надворешни работи, било од страна на македонската Влада.

Следна работа и со тоа завршувам понижувачки е кога ќе ни дојде премиер на соседна држава, за која сакам да верувам дека имаме апсолутно рамноправни односи и ништо повеќе од тоа, рамноправни односи, кога ќе ви дојде во вашиот главен град и пред јавноста и пред медиумите во присуство на вашиот премиер ќе каже дека ги поздравува напорите на македонската Влада и посебно го поздравува коалицирањето на г. Џафери. Се прашувам кога нашиот премиер ќе се случи да отиде во некоја од соседните држави и да каже кој со кого треба да коалицира и на кои основи да коалицира.

Тука е прашање и на политичка култура и на дипломатско ниво, меѓутоа и на чувство на тој кој тоа го изрекол дека не доаѓа во држава со која што гради рамноправни партнерски односи, туку дека може да си го дозволи правото да даде изјави чекор повеќе отколку што е тоа вообичаено.

И последното и со тоа завршувам е следното:

Со оглед ка фактот дека г-динот Џафери е само пратеник во Собранието на РМ и претседател е на една од коалиционите партнери се обелодени пред македонската јавност и пред меѓународната јавност дека се одржале средби во Скопје со премиерот на Бугарија Костов, каде што разговарале околу добрососедските односи. Дали г-динот Џафери таму отиде да преговара во свое лично име, во име на Владата на РМ, или во име на партијата на чие чело се наоѓа. Тоа е многу битно и многу значајно прашање, затоа што во сплетот на околностите во кои што се наоѓа РМ и целиот регион и со сите проблеми што ние ги имаме на внатрешни план и со сите опасности што не демнат на тој внатрешен план и во натамошниот период, многу е битно кој ќе ги застапува интересите на, државата и кој ќе разговара и преговара во нејзино име. На нас работите ни се случуваат со филмска брзина. Имаше толку настани што во некој нормални околности ќе ја преокупираа јавноста, можеби со недели. Меѓутоа, бидејќи толку крупни работи за толку кус временски период ни се случуваа со филмска брзина, едноставно преоѓаме преку ним немаме време ни да ги продискутираме, ни да ги

оцениме сите последици што од тоа произлегуваат. Меѓутоа тоа не значи дека ако ние не ги продискутираме или разјасниме дека последиците ќе се елиминираат. Тие ќе ни се случат порано или подоцна, пак ќе речам со тоа што одговорноста од тоа што ќе произлезе, пред се, припаѓа на парламентарното мнозинство и на оние кои што во овој момент ја носат одговорноста за состојбите во РМ, а тоа е коалицијата на власт и извршната власт, во овој момент во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Бранко Црвенковски.

Господа пратеници, мислам дека по секоја точка ние можеме да отвориме расправа начелна односно да ја претресуваме политиката на Владата во целина. Јас мислам дека ние водевме долга расправа по ова прашање кога беше рамковниот договор, што го потпиша Владата на Република Македонија, односно Владата на Република Бугарија.

Во интерес на времето јас би ве молел репликите да бидат што пократки. Се разбира јас немам право да ви го одземам тоа. Понатаму дискусиите да бидат насочени во функција на точката на дневниот ред и да не се оддалечуваме повеќе од тоа, затоа што во тој случај би запливале во сосема други односи и повторно би се вратиле и би ја реплицирале, односно би ја повториле онаа дискусија што ја имавме пред неколку седници.

За реплика се јави г-динот Томислав Стојановски.

Еве сега г-динот Паунов бара процедурално обраќање.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, секако дека е дел од процедурата, меѓутоа дел и од поднесувањето. Имено, претседателот на РМ како што кажа и тоа се тие така изгледа слатки теми за што најверојатно нема со што друго целата партија да се занимава, освен со ова. Друг ангажман не видовме во овој период во работата на Парламентот. Добро, сега тоа што се соопшти, се соопшти и вашиот претседател си замина. Што тоа значи? Дали тоа значи дека не ја респектира темата, па без разлика дека мисли најлошо за една соседна држава, не ја респектира, сепак, таа држава и не сака да слушне што некој сака да соопшти за тоа. Тоа ли е односот и профилот, карактерот и доблеста на еден политичар?

Дајте господа, ви се молам, решете ги некои состојби внатре во вашата партија. Јас разбирам дека има одредени проблеми секаде. Меѓутоа кај мене навистина е крајно не долично. Имате право да размислувате се најлошо за било која соседна држава. Случајно е прашањето околу соседна Бугарија. Утре може да излезе нешто друго, посебно ако станува збор за претседател на партија и ако отворат таква деликатна тема. Јас мислам дека барем е редно да не сослуша. Тоа е едната работа.

Втората работа е, ако станува збор за реплика, не мора да ги мериме секундите, па и минутите плус ако се во прашање една, две или три минути. Меѓутоа не можеме ние пола час реплики да слушаме тука на ваков начин. Јас претседателе би ги замолил во интерес на работата на Парламентот, затоа што ваквиот нивно однесување ја укинува нормалната работа на функционирањето на Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници. Сосема е во право пратеникот Пауновски ние го злоупотребуваме правото на реплики. Правото на реплики изнесува максимум 3 минути. Тоа е сосема логично. Не може под изговорот реплика да имаме нови дискусии. Дајте држете се за точката што е на дневен ред.

Г-динот Стојановски бара Збор.

Ве молам држете се до времето за реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тешко е да се говори во отсуство на тој на кого се однесува зборот.

Меѓутоа негово право е дали ќе слуша или не. Не му го оспорувам тоа право.

Јас сега ќе се задржам на една точка која ја изнесе Црвенковски, бидејќи тој како премиер потпишал договор со премиер на Бугарија во кој стоело на македонски и на бугарски јазик. Денес говориме за една работа. Ние сакаме да ратификуваме договори постигнати меѓу владите на една и на друга држава. Се спори дека за тој проект нема да гласа СДСМ, бидејќи по негово уверување не треба така да биде, бидејќи тој ја понишува македонската страна. За оваа работа исто така станало збор во бугарскиот Парламент, па сакам да ги убедам да не го следат примерот на бугарскиот Парламент, нека прифатат ова што ние го правиме овде како Влада и како Парламент, за да немаме понижување, да го изрелаксираме односот. Сам кажа дека ќе дојде време ќе се заборават. Дали сега со таква дежурна тема не не секогаш води да немаме релаксација на односите и да не можат да се надминат историските заблуди. Ако продолжат така значи се залагаат историски заблуди и сами себе си поставуваат прашање на постоење на нашиот јазик. Нашиот јазик постои како издвоен, во државата е даден како службен јазик. Ако не постоеше не можеше да биде службен јазик, не можеше да има поткрепа. Затоа нивната заблуда околу постоење на македонскиот јазик да ја надминат и да го прифатат овој предлог и сами себе си да се надминат. Другите работи не сакам да ги коментирам, нека останат за него лично. Да не држиме говори. Заправо говорите се за оваа говорница, меѓутоа му предлагам на г-динот Бранко Црвенковски да не се повторува и да не оди понатаму во сопствената заблуда. Капацитетот реков, во образование, не во висина

и во ова, затоа што се работи за правно техничка работа, а не за електротехничка работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, повторувањето, рекоа попаметни луѓе дека е мајка на знаењето. Очигледно дека тоа буквално го сфатил поранешниот премиер г-динот Црвенковски. Си дозволи, да не кажам 2/3 можеби комплетно да ја преслика својата дискусија од поранешната седница на Собранието кога ја разгледувавме рамковната спогодба, за нормализација за односите со Република Македонија, па ќе ми дозволите и јас да си го приуштам тој луксуз, се разбира, не барајќи дозвола ниту од него, ниту од било кој друг.

Прво и основно е што оваа Влада и оваа парламентарно мнозинство што си го постави како задача, е да ги нормализира односите со една соседна држава, за нас исто толку важна како и сите други соседни држави, меѓутоа во случајот е Република Бугарија, која што меѓу сите оние земји кои не ни го признаа нашиот не национален идентитет, таму не не признаа како држава, беше прва која што го стори со свој официјален акт. Тоа останува во историјата, меѓутоа останува не како наша заложба, туку како наше историско паметење дека го сторила една наша соседна земја, се разбира од најдобра желба и од желба да ги нормализира односите со РМ и тогаш и сега. Оваа Влада на Република Македонија, јас му благодарам на г-динот Црвенковски што не потсети дека недоволно го употребуваме, или го употребуваме или сме го заборавиле да го употребиме терминот позитивна енергија. Ние и понатаму ќе го употребуваме, бидејќи работиме со истата, најде доблест тоа да го стори. Најважно е што ние сега имаме добри и нормализирани односи со соседна Бугарија. Дали се добри или лоши имавме можност да слушнеме на една од поранешните седници на Собранието што не би сакала да го повторувам. Меѓутоа она што тој во своето излагање го истакна е дека во поранешниот состав додека беше Владата на РМ, нам ни било понудено да разгледуваме Лисабонската декларација во која што беше спомнато дека треба да се прифати Македонија како земја која во своето име никогаш не треба да го вклучи терминот Македонија. Само ќе го потсетам дека тоа беше Декларација на земјите членки на ЕУ, дека таа Декларација никогаш не и била понудена на РМ да ја прифати или отфрли со свој потпис, туку дека во еден, би ракла спонтан излив на патриотизам кој што бликаше од тогашната пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа и од сите пратеници во Собранието, тогаш беше отфрлена како таква и верувам кога истата би се понудила и тогаш и сега, ќе го има истиот исход, затоа РМ никогаш нема да прифати сентенца која што ја прифати веќе СДСМ. Тоа е Бивша Југословенка Република Македонија. За жал поранешниот премиер заборава дека таа сентенца е многу смешна и многу ступидна, со која што не нарекуваат, благодарение на нив, сега целиот Свет, помина само како став на Влада, меѓутоа, но не како став на Официјалното собрание кое е под ова име беше примено како членка во Организација на Обединетите Нации. И тогаш и сега се уште сум фрапирана како можеше да се дозволи такво нешто како најсериозен проблем помине без било каква расправа во Собранието, бидејќи беше објаснето дека немаме никакво политички субјективитет дека сме земја која мора тоа да се стори и дека тоа, согласно излагањето на претседателот на Републиката, ќе трае само два месеци. Очигледно дека е талонот на траење од два месеци некој погрешно го смета, па тие два месеци се оддолжија на многу повеќе од две години и за жал не знам кога ќе се изменат, благодарение на поранешната Влада. Според тоа сега имаме ситуација во која нас сите во светот не нарекуваат Бивша Југословенска Република Македонија и сите кои што не се обврзани да знаат Географија, ќе кажете слободно дека политичарите најмалку се обврзани, дури обичните луѓе се обврзани да знаат каде е тоа Географски Македонија, па ќе не сметате за југословени и ќе не рачунаат за исти такви какви што се луѓето кои што го имаат сега за жал, страшниот терор на г-динот Милошевиќ, против кој се залагаат тие како партии. Очигледно дека тие во тој период не размислувале за тогашните и сега уште полошите последици кои што ги има РМ, благодарение на "добрата политика која ја водела таа Влада".

Мене ми е жал исто така г-дине Црвенковски, очигледно гледа дека не сме доволно, да не речам лош израз не паметни, меѓутоа доволно доблести да не слушне тој како дискутираме по ова прашање, или мисли дека тој го апсолвирал. Ние како пратеничка група и како коалиционо мнозинство секогаш сме спремни да ги ислушаме аргументите на другиот, без оглед на тоа дали се работи за добри или лоши аргументи, бидејќи сепак би рекле тоа е култура на однесувањето, а не е став на еден или друг човек.

Она што поранешната Влада го пропагираше како своја единствен политика на владеење и која што повеќе пати беше слушнато исто така од претседателот на Републиката, е политиката на еквидистанца. Сега имавме пријатна можност да слушнеме како претседателот на СДСМ г-динот Бранко Црвенковски вели дека таква политика во РМ очигледно не треба повеќе да води. Тој рече дека некои го споредуваат Договорот со Република Грција и со Република Бугарија за истоветен или сличен, ама еве јас ќе кажам дека е така. Тоа значи дека дури и во тогашното нивно потпишување на овој Договор со кој што тие дури нас не именуваат како безимена странка, бидејќи бевме првата или втората странка, не знам од кој агол се гледаше првичноста, односно вторичноста на проблемот.

Тргнуваме од тоа дека Република Грција е земја која што е членка на НАТО, членка на ЕУ и дека, еве сепак треба негде да и се попушти, меѓутоа во овој случај РМ не треба тоа да си го дозволи со една соседна држава, Бугарија. Јас ќе речам дека за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и до сите нас како парламентарно мнозинство влијанието и значењето на сите соседи е подеднакво, бидејќи што сите сакаме да имаме добри меѓу соседски односи, без оглед на тоа дали се работи за земји поголеми од својата гео стратегиска положба, поголеми или помали по однос на политичкото влијание што го имаат, бидејќи овде беше споменато и политичкото влијание, па ако ние склучиме договор со Америка, се разбира дека, парафразирам, меѓутоа мислам дека мислата беше тоа - се разбира дека тоа и не треба да се преслика и на останатите земји, се работи сепак за друга земја. Точно, се работи за една друга земја, меѓутоа она што мене лично ме навредува како човек и како пратеник е дека она што постојано на овој човек му било наметнувано, во смисла на политичка инфериорност и сервилност према -сите оние што се поголеми, дали по положба или економска моќ е период е кога треба да го совладаме. РМ ја има сопствената држава, го има сопствениот јазик, Македонски јазик и не треба постојано да бара ниту има пријатели таму каде што ги нема, а таму каде што ќе ги има и веројатно ги има, треба да бара пријатели. Така да не мораме да се ослободиме од тие комплекси што 100 години некој се трудел да ни ги накалеми, што ние сме ги прифатиле и што сега постојано во секоја меѓународна конвенција ли е, договор ли е, билатерална средба ли е, некој ни ги накалемува и треба да ги прифатиме како остаток. Треба најенергично да се ослободиме од нив, затоа што ние си ја имаме Државата, си постоиме како нација, толку години по ред, не само од 1991 година, како што имавме можност од претходната елаборација да слушнеме Уставот е донесен 1991 година. Па Република Македонија постоеше и пред 1991 година и исто така имаше свој сопствен Устав, без оглед што беше членка на една федеративна и поширока заедница. Што значи дека тука сме со целото наше знаење, умеење и вештина и понатаму ќе ја шириме позитивната енергија што тој ја спомна во своето излагање, да создадеме што поголем број пријатели не само во соседите, туку и пошироко, се разбира ниту на сметка на нашиот национален идентитет, ниту на сметка на нашиот територијален интегритет и суверенитет, туку чекор по чекот, така како што ја подразбира дипломатијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата пратеник Ѓулистана.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Бидејќи се отвара една ваква тема од страна на опозицијата, од се срце ги поздравувам, бидејќи тоа дава можност да се искажеме во однос на разликите што ги имаме каква позиција, и во поглед на тој идеолошки план што постои кај денешната опозиција, т.е. таа идеолошка основа која постои веќе 50 и повеќе години.

Искрено да ви кажам, кога се навраќаме на ваквите теми често пати се навраќаме на минатото на РМ, почнувајќи од 1944 година и токму заради тоа после плурализмот во РМ, се создадоа такви политички партии, кои заседоа основни правци врз одредена идеолошка природа.

Одредени политички партии во РМ ги содржаа и до ден денес таквиот курс и не им се лутиме. Тоа е нивна политичка опција. И кога станува збор за денешната точка на дневниот ред, јас мислам не станува збор на политички ставови. Станува збор за нивни идеолошки став кои треба сами комплексот да си го лекуваат. Ние сакаме, како современа политичка партија ВМРО-ДПМНЕ таквите ставови да ги напуштиме. Ние гледаме кон 21-от век и одиме кон една активна политика, со позитивна енергија, не само кон соседите, туку кон сите оние држави кои постојат во Светот, кои ќе ни подадат рака, или ќе најдеме соодветен интерес да соработуваме, се во интерес на Државата, на нацијата и на сите граѓани во оваа Држава Република Македонија. Ние треба да сфатиме неколку битни претпоставки за она денес што го говориме, поготово претставникот од опозицијата кој го напушти Парламентот. Негово право или нивно право е, можат и целосно да излезат од оваа сала. Ние не треба да се лутиме на таквите нивни основни карактеристики. Ние треба да си ги гледаме нашите правци. Во политиката никогаш еднострано не постои еден начин за да се отворат политички цели. Постои еден правец, два, три, четири и т.н. Во тој правец постои дипломатија, јавна тајна, сива дипломатија. Постои лобирање, постои економска моќ на државата. Сето тоа поврзува во една голема државна национална цел што ние треба да ја спроведуваме. Во дадениот миг ние имаме сега да речеме позиција, со Влада, формирана таква каква што е, меѓутоа ние имаме дипломатија која што е наследена од поранешна Југославија. Јас не чув ниеден дипломатски претставник од РМ кој беше и од поранешна Југославија и од Осумгодишното владеење на поранешната позиција, да е променет. Сега ние наеднаш се наоѓаме во едно распеќе, затоа што ние имаме еден поинаков пат, поинаков курс да ја водиме РМ на секој план, не само на политички, економски, културен и т.н., и т.н.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Но, ние не можеме да ги оствариме тие цели, бидејќи полно работи во државата системски не ни се организирани. Кога зборувам системски, сфатете ме, системски во секој домен на живеењето на државата. Не само

политичкиот систем, не само економскиот систем и да не зборувам, во сите системи ние мора да направиме коренити промени, ние мора да направиме систем што еднаш засекогаш ќе биде верифициран од оваа држава или од нареден Парламент, каде што тие ќе бидат стеги или менгеме во кои сите ќе се вклопуваме и нема бегање надвор од тие национални, државни интереси, од таа дипломатија и т.н.

Ние се наоѓаме во една апсурдна состојба, затоа што имаме расчекор. Ви кажав, не само идеолошки, ние имаме расчекор и во нашата суета. Историјата во овие балкански простори и во светот направила нешто злокобно што ние не можеме ниту со декрет, не можеме ниту со теоретска расправа на семинари во Охрид, каде сакате, да го решиме. Тоа се решава, јас мислам на многу суптилен, на многу потаен начин, отколку со овие меѓународни договори според меѓународното јавно право кои, за жал и во даден миг во политичкото делување и политичкото живеење не важат.

Јас ќе Ви кажам пример, па кој сака нека дојде на оваа говорница и нека ме демантира. Сите овие договори и други договори што ги склучуваме, исклучително признавајќи други држави и републики и т.н., се повикуваме на меѓународното јавно право. Што мислите, дали во целост се спроведува тоа меѓународно јавно право и дали важи за сите земји подеднакво? Не важи. А, зошто не важи? Ние, претходните седници имавме расправа за Тајван, околу признавањето на Тајван. Знаете ли дека Тајван е дел од Кина, составен дел на Кина? Тоа се Кинези. Но, таа држава реално постои како држава Тајван и таа, на некој начин, според меѓународното јавно право никако не е модифицирана, ниту регулирано тоа нејзино право, но сепак постои и постои економско чудо во таа држава. Постои економско чудо. Дваесет и два милиони, имате огромен развој, имате висока технологија, имате еден голем западен експеримент кој успеал и наеднаш сега ние се повикуваме на меѓународното јавно право, но тоа не важи.

Втор пример, значи, не се применува доследно тоа меѓународно јавно право, иако докторите на наука зборуваат дека тоа меѓународно јавно право секој ден се зголемува и тие меѓународни јавни норми и договори и т.н. во рамките ОН се зголемуваат.

Земете го случајот со интервенцијата на НАТО или на други сили во блиското соседство или во други земји во светот. Важат ли некои меѓународни договори, принципи па и повелбата на ОН и т.н. Не важат.

Сакам да кажам едно суштествено прашање, ние мораме максимално да се организираме како држава, затоа што ние сме прилично млада држава што треба во сите домени на нашето живеење да создадеме кадровска база. Сите разлики што ги правиме вештачки или само ги правиме заради маркетинг пред јавноста треба да ги сведеме на минимум и ние дури тогаш ќе можеме да извлечеме максимум од сите овие спогодби што ги правиме во овој миг во Република Македонија.

Навистина, јас Ве уверувам дека доколку продолжиме со ваквиот начин на активна политика, на оваа позитивна енергија што треба да ја негуваме не само со соседите, туку и со други земји, но никогаш не треба да застанеме, како што некој вели на тој реципроцитет. Нема во интересите помеѓу државите реципроцитет. Додека можам јас да го искористам максимално ќе го искористам до крај и ќе го исцедам како лимон и ќе го фрлам, ако сум во можност да го искористам. Но, ако е тој во можност, а тој ја користи мојата слабост, тогаш нека ме искористи.

Затоа, треба да изградиме такви едни односи во Република Македонија и да немаме такви драстични разлики во поглед на државата, во поглед на националните интереси. Инаку, се ќе ни се сведува на вербална дискусија, на теоретска расправа, да направиме некој излет, да го напуштиме Собранието и сето тоа да се сведе дека овој Парламент јалово води седници.

Меѓутоа, јас Ве уверувам дека, доколку имаме малку чувство за државата, да го подигнеме тој степен на чувство за државата во секој миг ќе можеме да одговориме максимално на сите прашања што се клучни во Република Македонија и околу тие клучни прашања никогаш да немаме такви дијаметрални разлики, затоа што тие не не водат кон добро, затоа што јавноста не следи. Ние треба цело време да се судираме за прашања што ни се од витален интерес.

Токму заради тоа јас лично не сакам никого да повикам, но сакам да чепнам по сопствената совест да сфати колку ни се битни овие прашања, особено кога не наоѓа оваа злоба со бегалците од Косово и со сето тоа опкружување и со сите тие интереси во Бугарија, Грција, Албанија и Југославија, каде што секаде имаме Македонско малцинство, мислам треба да водиме голема суптилна политика што ќе вроди со плод, но треба да знаеме каде како и на кој начин тоа да го спроведеме.

Еве, само во интерес на тоа јас излегов да прозборам малку и на крајот да Ви се заблагодарам, се со цел да можеме да ги надминеме таквите недобри разлики. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Котевски Ѓорѓи.

Збор има пратеникот г. Флоровски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток, вообичаено, нели.

Знаете, соживувањето со улогата на се уште актуелен премиер и делењето лекции е проблем на потсвеста или подобро кажано проблем на левата или десната мозочна хемисфера.

Но, нели не е тема за дискусија!

Што сакам да кажам? Во својот прв дел од говорот г. Црвенковски суптилно, а можеби директно проба да не обвини дека на некој начин со овој договор правиме национално предавство.

Ќе ве вратам наназад 1990 -1991 година, впрочем сите сме фала богу живи и здрави и паметиме за што се залага, кои беа за самостојна Македонија, кои се залагаа за некој лабав сојуз со тогашна СФРЈ. Така што излишно би било повеќе да коментирам во тој правец.

Во вториот дел од неговиот говор, пред да ја напушти седницава, повеќе говореше за нашите внатре партиски коалициони односи отколку тоа што беше тема. Нашите односи, господо од СДСМ се наш проблем, не се ваш проблем. За тие проблеми можете да дискутирате на вашите митинзи или трибини што веќе ги одржувате. И, тоа е добро, во име на демократијата да говорите отворено и јавно што значи ваш став е ваше мислење. Никој тоа не Би го спори.

Спорот околу Бугарија, јазичниот спор, евидентно дека постои. Но, едно треба да сфатите дека Македонија е реалност, нацијата постои, државата постои. Тие кои тоа не го сфаќаат порано или подоцна ќе сфатат дека е така и тука не е спорно.

Сакам уште нешто друго да кажам, цело време го напаѓате Договорот што ние го склучивме за нормализирање на односите со Бугарија. Само ќе ве потсетам дека тоа е еден од петте предлози што вие ги нудевте, господо, вашата Влада, т.е. вашиот министер Фрчковски. Што е спорно? Тоа е едноставно пресликано по оној терк што Вие го изработивте, а ние само го потпишавме. Зошто вие тогаш не го потпишавте, тоа е ваш проблем што треба внатре да си го решите дали се работи за аверзија спрема Бугарија, дали се работи за нешто друго, можеби посуптилно што го носите самите во себе, тоа е ваш проблем.

Околу изјавата на Костов или не знам кој ја даде таа изјава дека има место само за Бугарите од Западна Македонија, јас колку што знам ова е Република Македонија. Овде нема Бугари. Можеби мислеше на Бугарите кои гравитираат малку по на Север околу Пирот и Димитровград, така што не би било лошо информирате. Цело време не обвинувате дека ВМРО-ДПМНЕ и Владата не реагираше во тој правец. И, престанете да манипулирате веќе еднаш со тоа. Значи, изјавата, според моите информации се однесува на тие погоре 300 км. од нас. Овде, јас колку што знам нема Бугари, ниту бугарска територија. Ако има тоа е нивни проблем. Тие така си чувствуваат. Јас како Флоровски се чувствувам онака како што јавно се декларирам, како Македонец. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Александар Флоровски.

Збор има господинот пратеник Шакири Хисни.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ние за оваа точка од дневниот ред слушнавме многу дискусии и од страна на СДСМ и од страна на ВМРО - ДПМНЕ што значи и од опозицијата и од позицијата. Јас знам една вистина, се работи за еден Договор што е многу значаен за Република Македонија, што по секоја мера треба да се прифаќа од страна на овој Парламент. Договор кој создава можност за приближување на односите помеѓу два соседи.

Зошто до сега не е направен овој Договор? Требаше некој од претходните дискутанти тоа да го кажат малку по аргументирано, а не само вака. Беше кажано нешто, меѓутоа ништо не беше кажано нешто аргументирано да се убеди Парламентот и јавноста дека постои нешто вистина околу тоа што беше кажана од страна на СДСМ.

Господо пратеници, мене ме интересира една работа. Знам дека секој договор е во интерес на државата, исто така и во интерес на граѓаните на оваа држава. Знам дека постои и сега, а постоеше и порано, некои работи се користени за политички маркетинг, што не е фер, а исто така не е хумано во овие моменти да се прават такви работи што не се чесни.

Исто така, мислам дека не би требале да отвораат дилеми околу јазикот, во конкретниот случај, во овој момент. Бидејќи овој проблем не е отворен сега, јас знам дека датира од порано, од поодамна, дури да кажам и од 1990 - 1991 година се отворила оваа тема, од чинот на осамостојувањето на Република Македонија.

Од овој момент СДСМ беше на власт. Требаше да каже г. Бранко Црвенковски нешто повеќе што направил СДСМ до сега, во врска со овие отворени прашања со Република Грција и со Република Бугарија. Меѓутоа, јас ја слушав целата дискусија на г. Бранко Црвенковски, воопшто не кажа ниту збор за нивното ангажирање околу расчистување на овие дилеми.

И сега можеби, некој сака да го спречи овој договор, можеби некој сака да ја блокира Република Македонија од Исток како што е блокирано поради ситуацијата во Косово од северниот сосед. Меѓутоа, тоа не треба да се направи и исто така не треба да се дозволи.

Беше кажано, исто така и г. Бранко Црвенковски бара одговор зошто господинот Костов ја поздравил новата коалиција? Господо, не ја поздравил само господинот Костов, новата коалиција ја поздравиле многу земји пријатели на Република Македонија од Запад. Барем тоа треба да го знаете. Беше кажано во какво својство господинот Џафери бил во Република Бугарија. Тоа треба да го знае секој пратеник и обичниот граѓанин на Република Македонија, дека господинот Џафери е државјанин на Република Македонија. Тоа е едно.

Второ, господинот Џафери пратеник на овој законодавен дом, а Вие знаете колку се влијателни пратениците во политиката на демократските земји, особено на Запад, како пратеници.

Трето, лидер на една партија што има своја пратеничка група во Парламентот и што е во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ и со ДА.

Четврто, мислам дека господинот Џафери не направил ништо лошо што бил во Република Бугарија, која прва ја признала Република Македонија.

Исто така, беше поставено прашањето, зошто господинот Костов не примил ниту еден од бегалците? Зошто не примил ни еден од бегалците? Прашањето беше поставено многу фер и да кажам многу хумано.

Меѓутоа, зошто г. Бранко Црвенковски не кажа ниту еден збор за депортирање на тие Албанци од Косово од страна на политиката на г. Милошевиќ и зошто до ден денеска и кога беше на власт СДСМ не се дистанцирал од една политика на Милошевиќ што денеска нанесува голема штета на Балканот? Зошто да не кажам и тоа и ден денеска СДСМ не се дистанцирал од една политика, што денеска е осудена од многу демократски земји. Јас не сум прочитал ниту сум слушнал дека, СДСМ како партија што беше долго време на власт и водела политика на оваа држава, да каже барем два збора за ситуацијата на Косово. И, тука е проблемот.

Меѓутоа, јас сметам дека во овие моменти не треба да се кажат зборови што навистина не се во интерес на сегашната ситуација.

Исто така, беа кажани многу други работи и во врска со името. Јавноста знае за проблемот што го имаме со Република Грција. Тој проблем исто така, датира од поодамна. Меѓутоа, не е доволно само да се повторуваат некои работи, туку да се сугерира што може да се направи, барем некој чекор напред кон решавање на овие проблеми.

Затоа, јас, како пратеник на пратеничката група на ДПА, сметам дека во овие моменти сите ние треба да бидеме многу сериозно, бидејќи не треба да користиме само некои прилики за маркетинг, доколку тој политички маркетинг не е во интерес на граѓаните. Јас сметам дека не е во интерес на граѓаните.

Ние рековме и секогаш баравме опозицијата да биде конструктивна. Не треба тоа само декларативно да се кажува, туку навистина треба да биде конструктивна. Јас, како пратеник на овој дом зошто да не кажам и тоа, ниту еден збор не слушнав од г. Бранко Црвенковски, а да биде конструктивен. Беа отворени многу дилеми за што не беше кажано ништо, не се понуди некоја алтернатива што може да биде како идеја за решавање на овие проблеми. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Тахири Хисни.

Има збор господинот пратеник Тахири Мевљан.

Господинот Тахири Мевљан се откажува од дискусијата.

Во тој случај, бидејќи нема друг пратеник пријавено за дискусија, има збор министерот за надворешни работи господинот Александар Димитров.

Ги молам пратениците да влезат во сала, бидејќи треба да гласаме.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не мислам воопшто да должам и ќе дадам само неколку напомени. Реков и во првата интервенција легитимно право е на секој од пратениците и на секоја од пратеничките групи вклучително и на опозицијата да бара секој повод за политизација на работи кои се мошне нормални и секојдневни.

Второ, сакам да потсетам дека при самиот избор на Владата, Владата се определи за политика на пријателски и добрососедски односи за политика и ориентација доближување кон НАТО и Европската унија, на унапредување и на развој на регионалната соработка, на развој на односите со САД, на унапредување на односите со сите земји други во светот, вклучително изнаоѓање на нови партнери и имаше и други елементи. Тоа беше дел и од експозето на премиерот Георгиевски, дадено пред пратениците каде што се разбира и со другите сегменти беше објаснета и најавена политиката на новата Влада на РМ.

Да потсетам таа Влада е резултат на изборите и резултат на гласовите што ги дадоа гласачите и истиот тој резултат е и одраз овде во Парламентот. Според тоа, уште тогаш беше најавено дека таквата политика на Владата, изборот на Владата и составот на Владата нема да бидат подржани, не се подржани и ќе бидат предмет на критика. Оттука не ме изненадува секој мотив, секој повод, секој потег да биде жестоко критикувана Владата и тоа ќе остане како дел од нашата парламентарна традиција, историја и практика. Јас нема да објаснувам ништо повеќе, меѓутоа сакам на неколку невистини, две, три, затоа што очигледно некој се поведува од правилото: сто пати повторено лага

станува еднаш вистина. И ние изгледа ќе мораме сто пати повторена вистина да ја зацврстиме како вистина, бидејќи таа не се почитува. Да коментирам една работа која беше резултат на она што јас го кажав, а тоа е поздравувањето на нормализација на односите меѓу Република Македонија и Република Бугарија, од страна на Европската унија, или на меѓународната јавност. Тогаш беше направена една не соодветствена компарација со Лисабонската декларација. Не би сакал многу да се враќам во минатото, очигледно некои се уште не ја избришале прашината од своите часовници за да го отворам целиот тој пакет и пред Лисабонската декларација и од наодот на Бадинтеровата комисија.

Мислам дека кога веќе се говори за факти, треба да се говори и за целината. Односот на македонскиот Парламент тогаш спрема Лисабонската декларација беше резултат на плебисцитарното изјаснување на сите пратеници. Според тоа, и не беше возможно ниту имаше намера да се прифаќа, или да се повинува, или да се слуша тоа што Европа и го кажала на Македонија, или го упатила како порака во еден процес на нејзиното тогаш меѓународно афирмирање и признавање. Во конкретниов случај кога разговараме за нормализацијата на односите меѓу Република Македонија и Република Бугарија како што разговаравме и за некои други прашања од надворешно - политичката област се работи за мнозинство на Парламентот кој тоа го подржува и за едно малцинство кое смета дека тоа не е соодвествено и дека е лошо и негативно и т.н.

Според тоа, таа споредба со Лисабонската декларација и ова што сега, воопшто не држи.

Трета работа, воопшто мислам дека треба да се ослободиме од правото некои да земаат и да бидат оценувачи на државните и националните интереси, на потребата од нивна заштита, бидејќи државните и националните интереси ги штитиме сите ние, нема некои поголеми, или помали во тоа вреднување. И конечно резултатот ќе го дадат следните избори и промените што ќе уследат евентуално во спроведувањето на вака зацртаната политика. Молам, отсега кога говориме да не се повикуваме на правото дека е некој единствен повикан да го цени што е тоа македонскиот национален интерес, што е тоа државен интерес, а уште помалку инквизиторски да дава етикети за предавство, или отсуство на неговата заштита. Ние сме доволно свесни како тоа се прави.

Имаше уште неколку работи околу јазикот. Морам да потсетам пак за уште една невистина. Можеби е точно и точно е тоа дека е потпишана спогодба меѓу премиерите во 1995 година, премиерот на Македонија и на Бугарија, каде што стои формулацијата како што беше изнесена но за жал и точно нешто што се премолча и нормално не е во интерес да се каже дека нешто после тоа е потпишана иста спогодба, слична спогодба меѓу двете земји, каде што пак стои формулацијата на официјалните јазици, без да се именуваат.

Според тоа, кога се говори за фактите да не се вадат од контекст и да се кажуваат во целина. Остануваме на политиката како Влада со која се определивме за развој на односите со соседите, за пријателство со нив, за сестрана соработка и мислам дека за овие 5, 6 месеци успеавме барем со три од нашите соседи да ја оствариме ваквата надворешна политичка ориентација на Републиката. Ќе продолжиме и секогаш ќе бидеме спремни пред овој Парламент на аргументирани укажувања и критики, да го кажеме нашиот став и нашите резултати кои се надевам еднаш годишно и нормално ќе ги оценуваме.

Предлагам во име на Владата како предлагач на Законот за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Република Бугарија ако може да се вратиме на неа и да го усвоиме Предлогот на закон, односно да ја усвоиме ратификацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер за дополнителните објаснувања.

Има збор г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани колеги, претставници на Владата природно е сосема да се разликуваме во ставовите по определени прашања, впрочем припаѓаме на различни политички партии, секој го изнесува својот став и мислам дека никој нема право да ги спори, да ги дисквалификува, односно со дисквалификација да ги спори ставовите на другиот. Ние го изнесовме само нашиот став на СДСМ, ка неговата пратеничка група преку прво, г-ѓица Шеќеринска и координаторот на нашата пратеничка група. Според тоа, овој вовед така да кажам во реплики не го направивме ние, ние само го соопштивме ставот. И оваа тема која што се отвора постојано кога станува збор за односите со Бугарија, а допирна тема е во врска со некои закони, ратификација, природно е присутна во овој Парламент. Јас веднаш да кажам дека, тоа е и мое лично мислење, така смета и пратеничката група, многу е добро што се деблокирани односите на економски план со Република Бугарија. Тоа е во интерес на Република Македонија. Нашата забелешка е само која е таа цена за деблокада на овие односи пред се во сферата на економијата. И навистина сме чувствителни кога станува збор за негирање на јазикот и за негирање на нацијата, бидејќи јазикот е еден од основните обележја на еден народ, на една нација. Зошто така сметаме? Г-динот Црвенковски кажа само еден пример за спогодбата што е потпишана со г-динот Беров, тогашен премиер на Владата на Република Бугарија.

Јас ќе Ве потсетам, мислам тоа и оној пат кога расправавме на седницата на Собранието беше речено дека и во поранешна Југославија 5 спогодби тогаш нашиот сегашен актуелен министер за надворешни работи беше потсекретар или заменик, тогаш се потпишани 5 спогодби исто така на македонски јазик, на македонски и бугарски јазик меѓу владите на Република Бугарија и Југославија, кога водач на делегацијата во Бугарија беше претставник на Република Македонија, односно Македонец. Бидејќи спогодбите и тогаш можеа да се потпишуваат на еден од официјалните јазици. И македонскиот јазик тогаш беше официјален јазик. Прашање е зошто не се потпишува договорот, односно спогодбите на македонски и на бугарски јазик, ако ништо не е спорно, ако се добри намерите. Зошто тогаш ќе правиме компромис. Мене ми е совршено јасно дека во политиката по дефиниција политиката е компромис за можните решенија.

И тоа не е спор, но дека ќе има по многу прашања за кои ќе треба да се прави компромис. Овде станува збор дали за она што е основниот национален интерес, за кој што сите овде разговараме може да се прави компромис и дали Македонија од овој компромис гледано низ една историска димензија, па ако сакате и корекција нанапред профитира, или изгуби. Република Бугарија не е спорно, бидејќи беше под силен притисок на Меѓународната заедница и ако сакаше да се асоцира, да се зачлени во Евроатлантските структури мора да ги решава проблемите со своите соседи. И еден од тие проблеми нерешен за Република Бугарија беше и токму не потпишувањето на многу спогодби со РМ. Само да Ве потсетам на мисиите на г-динот Клаус Кинкел и тогашниот министер за надворешни работи на Бугарија и низа европски државници доаѓаа во Бугарија и вршеа притисок на таа работа. И Бугарија од тоа навистина профитира. Бугарија сега независно од еуфеумистичките изјави дека сите сме во иста корпа, во ист кош за НАТО, сепак има подобра позиција од Република Македонија.

Значи таа реши еден проблем со соседите на принцип на компромис. А дали Македонија профитираше во тој компромис. Очигледно дека не, очигледно дека нашата позиција е загрозена, односно влошена е за разлика од порано. Ние мислам дека сме сега малку подалеку. Според тоа не станува збор за предрасуди, за предрасуди од поранешните односи. Јас за предрасудите реков и во поранешна Југославија се потпишани 5 спогодби и тоа е познато на нашата јавност. Не станува збор за  анимозитет кон Бугарија. Станува збор за односот кон една од најчувствителните прашања, а тоа е јазикот. И Вие нема да слушнете ниту од бугарските историчари различно, ниту пак од бугарската политика со години наназад, бугарската константа е во надворешната бугарска политика односот кон македонскиот јазик и се разбира македонската нација. Зошто е тоа така на сите ни е исто така познато. И дека токму од најкомпетентните извори ако сакате од бугарската академија на науките и уметностите има јасен став, дека македонскиот јазик нема реално историско упориште, нема корени македонскиот јазик и дека живеат на таа основа, тезите дека во две држави живее ист народ.

Тоа е мислам што ние како граѓани на Република Македонија што не можеме да го прифатиме. Формулата зошто тоа не е потпишано, зошто од поранешната Влада, бидејќи беше поставено овде е нудено, имено од поранешната Влада формулацијата за потпишувањето на спогодбите на официјалните јазици според Уставот. Г-динот Црвенковски навистина добро го објасни. Јас само би додал, не сме слушнале само од еден бугарски научник, историчар, академик, дека практично тој јазик ако нема историско упориште, ако нема корени, некој тој го измислил, го создал. И гласно често пати се употребуваше дека е тоа творба на коминтерна, на Јосип Броз и т.н., на Сталин и други тези кои што за нас апсолутно се не прифатливи. Прифаќањето на формулацијата по јазиците, по официјалните јазици според Уставот тоа апсолутно не е имплицитно, експлицитно, значи дека македонскиот јазик нема реално историско упориште, туку дека тоа ние сме си го прогласиле за македонски, сме си го напишале во Уставот како македонски јазик и како таков тие таа реалност ја признаваат. Ако тоа не е така, зошто упорно се брани тезата да не се потпишуваат на македонски и бугарски јазик. Значи сепак нешто мора да има, нешто мора да има подлога еден таков цврст став на бугарската политика. Ако не стои тоа веројатно дека немаше толку време да се одолговлекува потпишувањето на спогодбите. Според тоа, нашиот став е многу јасен, ние ја поздравуваме деблокадата на односите во економската сфера, меѓутоа сметаме дека потпишувањето на спогодбите со оваа формула е на штета на долгорочните интереси на Република Македонија, национални и државни интереси.

Заради тие причини и не гласаме. Не станува збор за никаков анимузитет, за никакви предрасуди, напротив ист однос имаме со сите наши соседи. И затоа и упорно стоиме на ова становиште, треба да ги браниме нашите интереси пред се заради идните генерации.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Навистина Ви се извинувам, но ќе поставам само едно прашање.

Во Амазон има племиња од над 3, или 4 милиони. Во Африка племето Туци е над 5 милиони кои говорат сопствен јазик. Нивните јазици не се кодифицирани, не се меѓународно признати, не се членки на Обединетите нации, но тие постојат, постои нивниот јазик и тоа е факт и реалност.

Еднаш од нашите глави треба да ја извлечеме теоретската расправа, дека јазиците настануваат по вештачки пат. Јазикот е најчудотворната творба на човечката

цивилизација. Тој постои, тој се создава од памтивек и постои до ден денес.

Друго е во прашање што на одредени академици на било која страна постои заблудата во нивните глави. Тоа прашање јас мислам дека брзо ќе биде разрешено и во РМ и во целиот овој славјански свет и затоа Ве молам со декрети, со устави не се создаваат јазици. Тоа е феномен на човечката цивилизација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Господа пратеници, за ова треба да гласаме.

Од 73 пратеници гласаа за 61 пратеник. Воздржани се 2 пратеника. 10 пратеници се против.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

71 пратеник гласал од кои 62 пратеници гласале "за", 2 "воздржани" и 7 пратеници се "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

73 пратеници гласаа од кои 61 се за, 1 е воздржан и 11 се против.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за поврзување на железничките мрежи на двете држави со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за поврзување на железничките мрежи на двете држави.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 59 се за, 2 против и 8 воздржани.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

72 пратеника гласале, од кои 59 се за, 1 против, 12 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

74 пратеника гласале, од кои 60 се за, 2 против, 12 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за поврзување на железничките мрежи на двете држави.

Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 72 се за, 1 против и 1 воздржан.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

74 пратеника гласале, од кои 73 се за, 1 против, воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

72 пратеника гласале, од кои 71 се за, 1 против, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија.

Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај на Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници од кои 67 се за, 1 против, воздржани нема.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

66 пратеника гласале, од кои 65 се за, 1 против, воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

70 пратеника гласале, од кои 69 се за, 1 против, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Шпанија.

Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за престанок нас важењето на Законот за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка, меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за престанок на важењето на Законот за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 69 се за, 7 против, 1 воздржан.

Според тоа констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

72 пратеника гласале, од кои 64 се за, 8 против, воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за бришење на член 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

74 пратеника гласале, од кои 63 се за, 7 против, 4 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанок на важењето на Законот за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Предлогот за донесување на Законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Ве молам да гласаме по овој заклучок.

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Би сакал да го искористиме правото во име на пратеничката група на СДСМ, да кажеме како ќе гласаме по законот.

Со оглед дека се работи за прва фаза на законот, пратеничката група на СДСМ ќе гласа за Предлогот за донесување на Закон за измени и дополни на Кривичниот законик и ќе ја следи постапката по понатамошниот тек од Владата до Парламентот, односно дали ќе бидат усвоени предлозите од пратениците и од нашата пратеничка група дадени во текот на расправата по првата фаза и соодветно на тоа ќе се определиме за понатамошната фаза, која ќе дојде во Парламентот.

Апелираме на Владата да обрати внимание на забелешките од комисиите во кои учествуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

За збор се јави господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Еве господин претседателе зошто јас ќе гласам, односно ако се земат предвид сите забелешки кои ќе бидат во прилог на до изградбата на конечниот текст.

Прво, јас искрено ќе кажам дека сум во дилема за прашањето дали измените кои се предлагаат тука се мотивирани од потребата за по ефикасна превенција, или пак тие се мотивирани од потребата за по ефикасна репресија. Секој правосуден систем мислам дека внимава дека првенство репресијата треба да биде последната компонента од другите сегменти. Посебно тие внимаваат превентивата да биде таа која ќе биде дел од корпусот на казнено правната политика. Јас зборувам за нормални правосудни системи, секако воопшто не ми паѓа на ум да коментирам какви казнено правни системи или правосудни системи имаат некои држави, како што се Северна Кореја, Либија и т.н.

Значи, првенствено, правосудниот систем мора да биде хуманизиран. Тука тоа претпоставува превенција, значи да се спречат евентуалните кривични дела. Ако веќе тие кривични дела се сторени од одредени лица, целта да биде ресоцијализација на тие лица односно враќање во нормален живот.

Трето важно прашање според мене е казнената политика во никој случај не би требало да биде во прилог на политичките односи во државата, односно релациите на политичките односи во државата.

Во однос на предложените измени посебно ги подржувам измените кои се однесуваат за корупцијата, бидејќи корупцијата си е на секого позната, рак рана, и на нашето општество посебно на земјите во транзиција, туку од оваа рана не можат да се исклучуваат дури и најразвиените западни земји. Меѓутоа, намалувањето на корупцијата убеден сум дека не зависи само од измените, односно евентуалните измени кои ќе следат во овој Кривичен законик. Јас сум убеден дека намалувањето на корупцијата зависи од бројни други околности, бројни други односи, па и правни акти.

Јас нема воопшто да се задржувам на тоа, односно на социолошкиот сегмент на ова прашање, или на моралниот, или пак на свеста на луѓето кон склоноста да извршуваат такви дела, туку едноставно ќе се задржам во кратки црти на правниот сегмент, на актите кои се неопходни освен Кривичниот законик, за да се покрие оваа материја и така да се намали, а никако да се спречи во целост корупцијата, бидејќи тоа е невозможно.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Комшијата е на секого познат белег на државните структури, затоа што тие структури имаат моќ, на бирократските структури, затоа што од нив зависи постапката дали нешто се ажурира или не. И дали нешто ако се ажурира се завршува со одреден нелегален, или незаконски профит или добив, збогатување и т.н. Од државната структура зависи арбитражното одлучување, посебно за тие сфери кои не се регулирани, или пак не се докрај правно регулирани, или пак од државната структура зависи кој монополитички позиции ќе ги има во однос на дејностите кој ќе доведат до корупција.

Значи, државната структура фактички го инструментализира одлучувањето со одредена цел, тоа е бесправно збогатување и затоа е многу потребно освен овој законик ние повеќе да се посветиме на други важни закони, па и подзаконски акти и тоа е обврска и од Советот, односно нашето членство во Советот на Европа, бидејќи, како што е познато, таму се усвоени две важни конвенции, како што е Рамковната конвенција за спречување на корупцијата и корупцијата за казнено правните аспекти на корупцијата.

Посебно би се задржал на измените кои се однесуваат на честа и угледот. Членот 174 кој треба да се измени и кој би требало ако се измени да гласи тој што изнесува нешто од личниот или семејниот живот ќе се казни со парична казна, според сегашниот Законик и ќе се казни со 10 илјади денари според предлозите, или пак 6 месеци затвор. А што е најдрастично ставот 2 кажува ако тоа се изнесува преку средствата за јавно информирање, печат, телевизија, радио, или јавни собири, тогаш казната е 40 илјади денари, или една година затвор. Или пак членот 175, така како што е, кој се предлага да биде, така како што јас ќе го цитирам. Тој што е со намера да омаловажува друг дека сторил кривично дело, ќе се казни со парична казна 10 илјади денари, според предлогот или 6 месеци затвор, или пак ако тоа се направи во посредство на средствата за јавни информирања, медиумите, печатот, телевизијата и јавни собири, ќе се казни со 20 илјади денари или 6 месеци затвор.

Ние бевме сведоци кога тука се обвинија бившата структура на Владата, дека направиле кривични дела, па како тоа се заврши. Тука ние практично мора да расчистиме со две прашања. Првото прашање дали со вакви формулации ние не вршиме дискриминација на луѓето, врз основа на тоа кој има пари и кој нема пари, односно кој има пари може тоа кривично дело да си го потплати, другиот мора да оди во затвор, затоа што следи алтернативната казна. Тука посебно сметам дека може да се погоди слободниот печат, од причина што новинарите од таа плата што ја имаат, јас мислам дека со ваква формулација може многу лесно да се врши репресија над новинарите од причина што казнат од 40 илјади денари тешко ќе биде во состојба некој новинар да ја наплати. Практично ние ќе го задушиме слободното мислење, ќе го задушиме слободниот печат и т.н., а тоа не е тешко со оглед на тоа колку правосудните органи можат и те како лесно да бидат под влијание на моќните структури, односно на структурите на власт. Поинаку ги поддржувам измените кои се однесуваат на кривичните дела против службената должност и измените на кривичните дела против животната средина.

Тука мислам дека правното покритие е во ред, дури повеќе од стандардно, од причина што фактичката состојба кај нас е многу поинаква од многу цивилизирани земји.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Биљали.

За дискусија се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа ќе говорам дали има потреба или не за донесување на измени или дополнувања на кривичниот закон. Говорам и кажувам јасно да. Има потреба па дел кој што е козметички, каде се работи за грешки во изразите и тоа треба да го направат лекторите, меѓутоа тоа што е објавено е во Службен весник и останува како таков текст.

Вториот дел, дали се работи за поголема казнена потреба, према извршителите на кривичните дела и дали овој закон е построг од постојниот. Мислам дека корупцијата како појава ќе се третира посебно. До сега имало по други видови каде е давано мито, па тешко се прави разлика што е корупција посебно, што е кривично дело давање или примање на поткуп.

Меѓутоа, во кривичното право, таму се врши дали се битие на делото. Корупцијата нема битие, туку се дава описен момент, каде се говори дека ако така и така се направи, а не ако тој тоа го

направи. Значи се прават разлики помеѓу овие две да кажам така кривични дела ако се воведат.

За мене што е најбитно? Сепак сметам најважните треба да бидат заострени во два дела пошто корупцијата и митото, вториот дел злото кое е поделено на два дела, трговија со оружје и што е за младиот свет, дрогата и другите опојни средства. Тука во 215 и 216 членови од Кривичниот закон, сметам дека казната иако навидум изгледа многу висока, не е висока, меѓутоа, општеството како што сме ние, а и поголеми општества не се спремни ова зло, да го сузбијат, како што рече колегата превенција. Превенција настапува, откако некој ќе се осуди, а со запретени казни не се предвидува превенцијата, туку се создаваат услови некој да мисли што го чека ако изврши едно кривично дело.

Ние кој врсти на казни ги имаме во Кривичниот закон, тоа е јасно дека е паричната казна и временската казна во вид на казна затвор. Смртната казна е укината со Уставот и се заменува сега траењето на казната затвор со доживотен затвор, што јасно говори дека општеството, иако се одрекнува од најтешкиот вид на казна, се определува за нејзина замена. Дали овие кривични дела, корупцијата и поготово трговијата со оружјето, која е особено сега зачестено кривично дело и кај сторителите на кривичните дела не треба да се работи за превенција, туку никој тоа не го чини од незнаење, никој тоа не го чини случајно, туку е со организираност и со посебна премисла. Што значи дека овие треба посебно да се казнуваат, посебно казнување и построго ќе биде, ако во Законот се внесат поголеми казни. Минималната казна да не може да биде помалку од една година. Ние што правиме сега, ќе ни дојдат по 10 или повеќе парчиња, било какво да е оружје, се казнуваат со помали казни, или со условни казни. Ние само со поместување на казнената политика, ќе му дадеме на судот можност да изрекува потешки казни, бидејќи се работи и во едниот и во другиот случај за посебни зла.

Мое размислување е, откако говорев за овие видови на казни, имаме една можност во Законот Владата и Министерството да обрнат поголемо внимание на ова, временските казни во одреден распон, откако ќе станат правосилни во извршниот дел да можат да се заменат со парични казни. До сега имавме забрана, паричната казна да може да се замени со казна затвор, додека затворот не може да се замени со парична казна. Зошто ова го велам? Ние имаме доволен број и на странски елементи. Ги чуваме овдека и не случајно кажувам, тие претстапници се од продажба на дрога, продажба на оружје и слично, или фалсификување на пари, што ни претставува посебно зло. Штом ќе дојдат во затворите тие преставуваат некакви медијатори кога се врши ова кривично дело и секогаш има допир со веќе инкриминирани личности, кои добиваат нешто повеќе од сознание. Од овој дел ние на некој начин да се ослободиме, да се предвиди казните кои не се построги од пет години, не се ни помалку од една година изречени, да се заменат со парични казни кој откако ќе се платат, странскиот државјанин, или да бидеме за сите рамноправни, откако ќе ја плати казната, да биде ослободен од понатамошно издржување на казната.

Ќе се постигнат две цели, тогаш тој што ќе биде протеран од Република Македонија, како странски државјанин ќе има поголема забрана, затоа што ќе може да се изрекува во двоен износ, од сега предвидената забрана за престој во Република Македонија и такви личности ќе ги немаме овдека. Оние кои платиле, или себе или семејството го оштетиле со имот, семејството тогаш ќе води сметка, нивниот член да не ги врши кривичните дела, што сега ги плаќа со своето отсуство од семејството, туку семејството целосно ќе биде казнето. Така имаме една семејна десоцијализација. Во овој случај се наметнува веднаш и измена на Законот за кривична постапка каде се предвидуваат овие постапки за замена и изготвување на решенијата, односно пресудите, ќе се види со каква одлука ќе се одлучува.

И нормално сега доаѓа, да се поразмисли со правото на емството, кога се изрекува заштитна мерка притвор. Дали одредени личности ќе имаме интерес да ги држиме во притвор, само заради тоа да ги обезбедиме за судење, или пак, ќе имаме гаранција сега тој да ги заштити своите средства, да остане достапен на органите за прогон. Ако некој се одлучи да не ги почитува своите, меѓутоа, штом ќе биде фатен и парите ќе му пропаднат, но и ќе биде повторно суден. Ова се можности кој ми налагаат измена во ЗКП, кога се говори за емството, кога и како.

Мој предлог ќе биде емствата од притвор, не се даваат во имовина, туку само во готови пари, што секогаш оние кои сакаат да дадат емство, нема да бидат не казнети, туку ако нема доволно пари, ќе го продаде својот имот и навистина за да си го поврати назад, ќе ја исполне обврската, односно заштитната мерка ќе постигне цел. Од овие причини, јас предлагам да се даде таква можност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојановски за дискусијата.

За збор се јавува господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ние денеска имаме многу значаен закон, за еден многу значаен предлог, како што е Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Кривичниот закон.

Меѓутоа, како прво предлагач на овој закон е Владата на Република Македонија. Како второ, претставници на законот тука во Собранието треба да бидат и господинот министер Владо Камбовски, министер за правда, или неговиот заменик, ако тој не може поради

објективни причини, или други причини да биде претседател на Собранието.

На почетокот, треба да биде министерот, или претставникот на Владата да ни образложи за причините, поради кои се донесува овој Закон, за содржината на законот и т.н. Јас знам дека многу мина пратеници не биле во тие комисии, каде се расправало за овие закони, како што е Законодавната комисија и другите комисии. Затоа ние сите сакаме и би било редно сите пратеници да има претставник од Владата да им се обрати и да го образложи Законот, неговата содржина, поради кои се донесува. Владата го има тоа право, ако министрите од одредениот ресор од Министерството за правда, не се во можност да дојдат пред пратениците да го образложат законот, тогаш може со овластување од Владата да го направи тоа некој друг. Јас му заблагодарувам на господинот потпретседател на Собранието, кој ја зеде таа улога и да не беше тој да ни образложува, не ќе бевме во можност да се информираме по детално за законот. Затоа гледам тука дека и се помешаа работите, кој има овластување да зборува во име на Владата и т.н.

Затоа барам да има претставник на Владата и да ни образложи за законот, за неговата содржина и за причините од кој се донесува законот и како втора работа, Собранието за да почне со работа треба да има мнозинство пратеници, од вкупниот број пратеници, а тоа ние сега го немаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека господинот Вејсели во суштина има право да имаме овде претставник од Министерството за правда и од Владата.

Според тоа, процедурално господинот Вејсели има право, во таа ситуација, јас оваа точка ќе ја одложам, кога ќе дојде претставникот на Владата тогаш ќе расправаме по заклучоците.

**ЏУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Претставниците и повереницте се дојдени да го објаснат Законот.

Можеби навистина е пожелно, меѓутоа и повереникот го има истото право, така што мислам дека може да тече расправата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам дека и повереникот може по Комисиите да говори, меѓутоа, овде пред нас, ќе треба да воспоставиме едно правило. Министер или заменик. Инаку ако вака одиме ќе дојде до советник на министерот.

Во таа смисла, јас сакам заради достоинството на Парламентот да биде присутен министерот. Министерот се извини, министерот денеска е на службен пат во Охрид. Не знам зошто не дојде заменикот министер, или еден од потпретседателите на Владата.

Според тоа, да го одложиме ова прашање, бидејќи навистина Кривичен законик е во прашање и веројатно ќе има продолжение оваа седница, бидејќи имаме многу точки денеска на дневен ред, ќе дојде претставникот на Владата и ќе го објасниме ова прашање.

Според тоа, бидејќи и кворумот е во прашање, јас би дал сега пауза до 16.30 часот, па потоа ќе продолжиме со другите точки од дневниот ред.

(Пауза од 15.30 часот). (По паузата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Како што гледам, денеска немаме кворум за работа.

Очигледно дека пратениците доста комотно се однесуваат.

Јас предлагам, со оглед дека немаме кворум, седницата да ја одложиме за среда во 11,00 часот.

Меѓутоа, за утре, бидејќи имаме една единствена точка на дневен ред, а тоа се пратеничките прашања, Ве молам да бидете тука, јас ќе обезбедам министрите или замениците министри да бидат присутни, тие ќе одговараат отворено, директно и во текот на наредните месец и пол дена пратенички прашања нема да има.

Според тоа, Дваесеттата седница ја продолжуваме во среда во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот).